Христо Андонов-Полјански

# ОДНОСОТ НА СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ КОН МАКЕДОНИЈА И КОН МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО XIX ВЕК И ВО ПЕРИОДОТ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

ОДНОСОТ на Соединетите Американски Држави кон Македонија и кон македонското прашање во XIX век и во периодот на Илинденското востание претставува интересен проблем.

Историјата на прашањето на овој проблем е сосема периферно и некомплексно засегнувана во историографијата. Наспроти тоа, богатиот фонд на архивски и други изворни материјали може да овозможи да се пристапи кон попродлабочен третман на оваа тема. Пред сè и првенствено доаѓаат предвид необјавените архивски и други изворни материјали, кои се наоѓаат во архивите и библиотеките на САД. На прво место доаѓаат материјалите за оваа тема, кои се наоѓаат во фондовите на „Националната архива (The National Archives) во Вашингтон. Од нив од интерес се фондовите со извештаите на северноамериканските дипломати во Турција,[1]) дипломатските инструкции од Стејт департментот до истите,[2]) и белешките до странските претставништва во САД, меѓу кои се наоѓала и тоа на Турција.[3]) Во сите нив се среќаваме и со материјал од интерес за нашава тема.

Од непомала важност се необјавените извештаи на американските протестански мисионери во Македонија, чиишто извештаи се чуваат во седиштето на нивната централа во Бостон. (Board of Commission of Foreign Missions). Извесен материјал за мисијата во Македонија (Macedonia and Home Mission Re-

---

[1]) The National Archives, Washington — Despatches from US Ministers to Turkey, 1818—1885 (Архив на Македонија, Скопје — М — 106, 107, 109, 110, 111, 112, 113).

[2]) The National Archives, Washington — Diplomatic Instructions of the Departement of State, 1801—1906. Balkan States. (Архив на Македонија, Скопје — М 114).

[3]) The National Archives, Washington — Notes to Foreign Lega — tions in USA from Departement of State. — Italy, Greece, Turkey 1834—1868 (Архив на Македонија, Скопје — М 123).

cord) за годините 1867—1872, се наоѓаат во Југозападниот баптистички теолошки семинар.[4])

Од големо значење би било да се испитаат највнимателно оригиналните прегледи на емигрантските уреди при американските пристаништа, преку што постојат можности да се утврди точното движење на преселувањето од Македонија во САД во различни временски периоди.

Оригинални и необјавени архивски материјали за односот и интересот на САД кон Македонија и македонското прашање од 1834 година натаму, се наоѓаат и во британските дипломатски извештаи.[5]) Од ист карактер се и архивските материјали од други извори.

Поподробен изворен материјал за оваа тема наоѓаме и во објавените архивски и други изворни материјали. На прво место потребно е да се приведат официелните документи за надворешните односи на САД претставени пред Конгресот заедно со годишниот извештај на американскиот претседател. (Papers relating to the Foreign Relations of the United States)[6]).

За темава од интерес е документацијата за периодот 1862 — 1904 година. Преку неа можеме во означениов период да ја следиме надворешната политика на САД. Во тој комплекс наидуваме и на мошне ценети податоци и за односот на американската дипломатија кон Македонија и македонското прашање.

Од богатиот фонд на американски извори потребно е да се подвлече и ценетиот материјал, кој се наоѓа во официелните американски статистички прегледи (Statistical Abstract of the United States) од 1878 година натаму. Тука наоѓаме стојносни материјали за преселувањето во САД, меѓу кои и за македонската миграција. Во истовреме тука наоѓаме и податоци за вносната и извозната трговија на САД со Османското царство, во која вклучена и Македонија.[7])

---

[4]) Union List of Microfilms-Philadelphia Bibliographical Centre and Union Library Catalog cumulation, 1949—1959. Michigan 1961 (Macedonia and Home Mission Record. (Volume 25—30, 1867—1872. — Southwestern Baptist Theological Seminary, Fleming Library. (Fort Yorth. Texas, p. 1548).

[5]) Public Record Office, London — Foreign Office — Turkey (Salonica), 78, 195, 240, 294. — 1834 passim.

[6]) Оваа документација ја среќаваме под насловите: Papers relating to the Foreing Relations of the United States transmitted to Congress, with the Annual Message of the President. Washington; Papers relating to Foreign Affairs. Washington; Message of the President of the United States to the two Houses of the Congress. Washington. Види: A Description Catalogue of the Government Publications of the United States. September 5, 1774 — March 4, 1881. Washington 1885; General Index to the published volumes of the Diplomaic Correspondence and Foreign Relations of the United States, 1861—1899. Washington 1902.

[7]) Statistical Abstract of the United States. Washington (1878, 1890, 1904, 1914).

За подобро определување на почетоците на дипломатските односи оригинални податоци срекаваме во текстовите на дипломатските договори и тоа заклучени помеѓу САД и Турција, од 1830 година натаму. За ова најприкладни се изданијата на Аристархи Беј,[8]) и на Г. Е. Норадунгиан.[9])

За различните аспекти на темата можат да послужат и извештаите од други извори. Така, за економските аспекти наоѓаме ценети податоци и во австриските,[10]) и во француските дипломатски извештаи.[11]) Од стојносен карактер се и извештаите за дипломатските односи, текот на мисионерството, ставот кон македонското ослободително движење и кон Илинденското востание од француски,[12]) британски[13]) австриски,[14]) и српски[15]) извори. Од непомал интерес се исто така извештаите и писмата на американските мисионери, во кои наоѓаме вредносни податоци и за текот на мисионерството во Македонија во текот на XIX век.[16])

Од интерес за темава се и мемоарите на одделни протагонисти, кои со своето дејствување оставиле трага во историјата. Тука би ги спомeнале патеписите на Херман Мелвил за патување во Македонија,[17]) и на А. Д. Ховрен Смит,[18]) како и

---

8) Lègislation Ottomane ou Recueil des lois, réglements, ordonnances, traites, capitulations et autres documents officiels d l'Empire Otomane, par Aristarchi Bey. Constantinople 1874, vol. IV. Види: Catalogue of Treaties, 1814—1918. Washington 1919.

9) G. E. Noradounghian, Recueil d'Actes Internationaux de l'Empire Ottomane. Paris, Leipzig, Neuchatel 1900—1902, vols. III—IV.

10) Види: N. V. Michoff, Beiträge zur Handelsgeshichte Bulgariens. Sofia 1943.

11) N. Michoff, Contribution a l'Histoire économique et commerciale de la Bulgaria. Svichtov 1948—1950.

12) N. G. Svoronos, Salonique est Cavalla (1686—1792). Paris 1951.

13) Британски документи за историјата на македонскиот народ. I. (1797—1839. Скопје, Архив на Македонија (Редакција: Х. Андонов-Полјански); Further Correspondence Respecting the Affairs of South Eastern Europe. — Turkey 2,4 (1904), London.

14) Види: Извештаи од 1903—1904 година на австриските претставници во Македонија. Скопје, Институт за национална историја 1955 (Редакција: Д. Зографски).

15) Дипломатска преписка Краљевине Србије. I. Београд 1933 (Редакција: Вл. Ћоровић); Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија. Скопје 1954 (Редакција: Љ. Лапе).

16) V. A. Tsanoff, Reports and Letters of American Missionaries Referring o the Distribution of Nationalities in the Former Provinces of European Turkey, 1858—1918, Sofia 1919.

17) Herman Melville, Journal of a Visit to Europe and the Levant (October 11, 1856 — May 6. 1857). Princeton 1955 (Ed. H. C. Horsford).

18) A. D. Howren Smith, Fighting the Turks in the Balkans. An American Adventures with the Macedonian revolutionists, New York — London 1908.

на Алберт Сониксен,[19]) за четување во Македонија. Исто така, интересни се и спомените на Јане Сандански, на Дамјан Груев, за односот кон Американската револуција и кон Мис Стон.[20])

За продлабочување на темата материјал најдовме и во современиот печат. При ова, би ги споменале органите на мисионерите: „The Missionary Herald" (Бостон),[21]) и „Зорница" (Цариград).[22]) Мошне опстојни и опширни податоци се објавени за следење на „Аферата " Мис Стон. Северно-американскиот и другиот печат обрнувал големо внимание на овој настан. Од најверзираните би ги споменале: „New York Daily Tribune"[23]) и лондонски „The Times".[24]) Сличен е и случајот со односот на американскиот печат кон Илинденското востание. По ова објавена е една публикација.[25]) Но, тој американски интерес можеме да го следиме и преку пишувањето на другиот печат, предимно европскиот.[26]) Од печатот со внимание се следи и помошната мисија во Македонија по Илинденското востание, во која учествувале и Американци.[27])

Одделни аспекти од темава се разработени во историографијата и во публицистиката. Прв ваков обид направиле Г. Н. Чакалов и С. Ј. Шумков во публикацијата: „Македонскиот проблем и неговото вистинско решение" (The Macedonian Problem and its proper Solution), објавена во Филаделфија во 1904 година. Со оглед на времето на издавањето може да се смета како прв обид да се претстави пред американската јавност македонската проблематика и да се инсистира на мошне објективно и позитивно решение. Во студијата особено е нагласен илинденскиот период и промакедонските манифестации во Америка во одбрана и заштита на македонската кауза. Од сличен карактер е и публикацијата на Константин Стефанов за односот на Англо-саксонскиот свет кон Македонија и македонското прашање, објавена во Берн во 1919 година.[28]) За разлика од претходната студија во оваа е даден малку поголем простор и на

---

[19]) Albert Sonnichsen, Confessions of a Macedonian Bandit, New York 1910 (Алберт Сониксен, Изповедьта на един македонски четник София 1927).

[20]) Спомени на Дамян Груев, и др. София 1927; Движението отсам Вардара и борбата с върховистите. По спомени на Яне Сандански и др. София.

[21]) The Missionary Herald (Boston), 1869—1878.

[22]) Зорница (Цариград), 1864—1896.

[23]) The New York Daily Tribune (New York), 1901—1902.

[24]) The Times (London), 1901—1902.

[25]) Илинден 1903—1953. Indianapolis 1953.

[26]) Странскиот печат за Илинденското востание. Скопје 1953 (Редакција: Х. Андоновски и др.).

[27]) The Hospital (London), 1903.

[28]) Constantine Stephanove, The Bulgarians and Anglo — Saxondom. Berne 1919. (Исто — English Cultural Influences in Bulgaria. — Germanoslavica).

односите во XIX век, со претставување на американското мисионерска движење во Македонија, а во истовреме и на промакедонските манифестации во САД кон Илинденското востание. На овие мошне развиени релации во илинденскиот период за меѓусебните односи се има осврнато и потпишаниот на овие редови. Уште во 1953 година направи еден скицовиден осврт на илинденските одгласи во САД,[29]) за да ги продлабочи истражувањата во 1955 година,[30]) и да го воопшти прашањето во неколку поразвиени прегледи од 1968 година натаму.[31]) Поврзано со илинденскиот период потпишаниот се има задржано и врз анализата на американската дипломатска преписка, со посебен акцент на „Аферата" Мис Стон.[32])

Извесни проблеми од оваа тема засегнати се и во специјалните и посебните студии, што ги засегнуваат дипломатските економските, миграционите и другите прашања во политиката и односите на САД во XIX и во почетокот на XX век. Од овој комплекс на публикации, студии и специјални трудови можно е да се издвојат студиите посветени на дипломатските односи на САД со Турција и кон Истокот воопшто, во кои наоѓаме податоци и за третиранава тема. Предвид би дошле студиите на Ј. В. Фостер (J. W. Foster),[33]) Ј. Л. Гордон (J. L.Gordon[34]) и познатиот автор на дипломатската историја на САД С. Ф. Бемис (S. F. Bemis).[35]). Од ист карактер се и студиите со економски третман на односите. Така, Д. Зографски врз основа на конзулски извештаи се осврна и врз американската размена со солунското пристаниште во XIX век.[36]) Додека, во врска со текот

29) Х. Андонов-Полјански, За некои одгласи на Илинденското востание во САД. — Македонија август 1953, 5.

30) Х. Андонов-Полјански, И Новиот свет проговори. — Разгледи II/5 (1955), 8—9.

31) Х. Андонов-Полјански, Одѕивот на Илинденското востание во светот. Скопје 1968; 10—11; Истиот, Одгласот на Илинденското востание во Америка. — Македонија мај 1968, 10; 10; Истиот, Одгласот на Илинденското востание во Америка и Европа. — Историја IV/1 (1968), 37—42; Истиот, Одгласот на Илинденското востание во Америка и Европа. — Книга за Илинден. Скопје 1969, 255—260; Истиот, Echoes of the Ilinden Uprising in Europe and America. — Macedonian Review 1 (1973), 30—38 (The Epic of Ilinden. Skopje 1973, 195—214).

32) Х. Андонов-Полјански, Аферата Мис Стон. — Нова Македонија 1, 2 и 3. V. 1968, 8; Истиот, Аферата Мис Стон низ американската дипломатска преписка. — Иселенички календар 1971, .Скопје 1971, 86—90.

33) J. W. Foster, American Diplomacy in the Orient. (Dictionary of American History. New York 1946, III, 415).

34) J. L. Gordon, American Relations with Turkey, 1830—1930. An Economic Interpretation. Philadlphia 1932.

35) S. F. Bemis, A Diplomatic History of the United States. New York 1963.

36) Види: Д. Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија во време на турското владеење. Скопје 1967, Во врска со производството на памукот во Македонија и неговата поврзаност со САД потребно е да се спомене студијата на: М. З. Влајинац, Историја производње памука у нашим крајевима. Београд 1927.

на американската протестанска мисија на Балканот и во Македонија, продукцијата е поразвиена како во специјални студии,[37]) така и во освртите и специјалните прегледи во периодиката. Ист е случајот и со литературата за преселувањето во Америка. Во нив на видно место е претставено македонското иселеништво во САД, иако сè уште не постои целосна студија за ова прашање. Интересно е да се наспомне дека меѓу првите со оваа проблематика се зафати познатиот француски историчар Рене Пинон (René Pinon), кој во својата стојносна расправа за односот на Европа кон Османската империја за првпат во европската историографија разработи научен трактат за проблемот на Македонија и по македонското прашање, а при тоа го загсегна со утврдени податоци почетокот на иселувањето од Македонија и движењето на миграционите правци кон Америка.[38]) Од таков вредносен карактер е и вредносната расправа, прва во македонската историографија, на корифеот на македонското национално-ослободително движење Ѓорче Петров, „За емигрантското движење за Америка во Македонија" објавено во солунското списание „Културно единство" за 1909.[39]) На ова прашање по Првата светска империјалистичка војна му беше посветно посебно внимание. Така, во студиите за преселувањето од Југославија се поврзуваше и преселувањето од Македонија. За таа цел од внимание се студиите на: Ст. Косиер,[40]) И. Младинео,[41]) Д. Ј. Поповиќ,[42]) и Бр. Чолаковиќ,[43]) и други.[43a])

Извесен третман на оваа тема е зафатен и со студиите за Илинденското востание и тоа на Христо Силјанов,[44]) како и во „Историјата на македонскиот народ."[45]) Тоа го следиме и во студиите на Л. Ставрианос,[46]) и на З. Костелски.[47]) Делумен осврт

---

37) Види J. A. Richter, A History of Protestant Missions. New York 1910.; Протестанската пропаганда у нас. Russe 1885.

38) Види:Rene Pinon, L'Europe et L'Empire Ottoman. Paris 1908.

39) Г. Петров, Емигрантското движение за Америка в Македония. — Културно единство I (1909).

40) Ст. Косиер, Срби, Хрвати и Словенци у Америци. Београд 1926.

41) I. Mladineo, Jugosloveni u Sjedinjenim državama Američkim. New York 1935.

42) Д. Ј. Поповић, О Цинцарима. Београд 1937.

43) Br. Čolaković, Jugoslav migration to America. Minnesota 1970.

43a) Види: Stanojević, The Yugoslavs in the United States of America. New York 1921; Y. S. Roucen, The Yugoslav immigrants in America. — American Journal of Sociology 1935, 602—811: L. Rankin, Detroit nationality group. — Michigan Historical Magazine 23/2 (1939).

44) Хр. Силянов, Освободителните борби на Македония. Т. II. София 1943.

45) Историја на македонскиот народ. Т. II. Скопје 1969.

46) L. Stavrianos, The Balkans 1815—1914. New York 1963.

47) Z. Kostelski, The Yugoslavs. New York 1952.

наоѓаме, исто така, и во прегледите на американските студии во Европа,[48]) и на славистичките истражувања во САД[49]).

*
* *

Служејќи се со досега достапни архивски и други изворни материјали, како и со податоци од литературата, во овој прилог се обидуваме скицовидно да го претставиме односот на САД кон Македонија и македонското прашање во текот на XIX век и во периодот на Илинденското востание. Целта е да се даде еден пресек на оваа тема, да се истакнат причините што довеле до интересот на САД кон Македонија и македонското прашање и со тоа да се истакнат карактеристичните појави на меѓусебното запознавање и поврзување. Оттука и акцентот го даваме на она што било забележително, исклучително и специфично во меѓусебните релации. За подобра прегледност материјата ја распределивме согласно на прифатената периодизација од развитокот на северoамериканската и македонската историја. Така, комплексот на односите од периодот на создавањето на САД до Илинденското востание го распределивме на три поглавја. Тоа е периодот од создавањето на САД до Граѓанската војна (1776—1861/65); потоа, од Граѓанската војна до Илинденското востание (1861/65—1903), и најпосле периодот на Илинденското востание (1903—1904). Сметаме дека овој период е најкарактеристичен за одбележување, а со што се создале предуслови за натамошно доразвивање и продлабочување на проблемот со нови видови и форми.

## I.

ПРВИТЕ контакти на Соединетите Држави на Америка биле воспоставени со Медитеранот, Блискиот Исток и Османското царство, а во тој склоп и со Македонија, по 1776 година. Меѓутоа, и пред создавањето на САД регистрирани се извесни факти, од кои може да се извлече заклучок за почетокот на забележените најстари врски. Така, во кореспонденцијата на француските конзули и вице-конзули во Солун (1686—1792) се среќаваме со податокот, дека од 22 февруари 1757 година со жив интерес се следат настаните во Америка.[50]) Тоа е, всушност, прв евидентиран факт за забележан интерес кон Америка во фран-

48) Skard Sigmund, American Studies in Europe. Vols. I—II. Philadelphia 1958 (Vol. II, 537, 609, 618).

49) Види: R. J. Kerner, Slavonic Studies in America. — Slavonic Review III (1924), Clarence Manning, A History of Slavies in United States. Milwaukee 1957.

50) N. G. Svorons, Salonique est Cavalla, 82.

цуското конзуларно претставништво во Солун. Но, веќе од подоцна наоѓаме поконкретни податоци. Така, во еден австриски извештај за трговијата на Солун од 24 јули 1776 година, се соопштува дека во ова пристаниште се внесувало шеќер од Америка.[51]) Овој интерес на американските трговци го бележи и С. Ф. Бемис. Но, тој смета дека американските трговски бродови започнале да се движат кон Медитеранот дури кон 1785 година и тогаш, всушност официјално може да се смета оти се воспоставиле врски со турските пристаништа. Додека пак, прва американска официјална визита на Цариград била воспоставена дури во 1800 година. (Патување на капетанот Вилијам Бејнбриџ (Captain Willian Bainbridge), со трговска цел).[52]) Секако, дека по прогласувањето независноста на САД, доаѓа до извесно официјално воспоставување на врски со Османската империја, во чиј склоп се наоѓала и Македонија, иако сè уште не биле воспоставни дипломатски односи. Но, и пред овие крупни настани биле правени обиди за контактирање и за сондирање на теренот. Вака продолжило и во следните децении. Освен тоа, карактеристична е за овој ран период и појавата за именување на американски бродови со името — „Македонец" (Македонски) („Macedonian"), кое е секако прво вакво спомнување во Америка. Ова именување го среќаваме најпрвин во 1812 година и тоа име го носело повеќе децении[53]), а повторно истата година, но како именување на британски брод, кого една американска фрегата го сретнала на 25 октомври и го уништила кај Канарските острови. Оваа сцена уметнички била вообличена од американскиот уметник Т. Бирч (T. Birch).[54]) Повторно во 1821 година одново се среќаваме со вакво именување и тоа на американски трговски брод, кој имал перипетии со чилеанските власти.[55]) Овие куриозни податоци имаат посебно значење и вака верзирано го бележат македонското име во именувањата на американските бродови, а чија што причина потекнувала веројатно од тоа за да се потсетува спомнувањето на распространетото величење на античка Македонија, кое како традиција од Европа се префрлило и на американскиот континент.

Повторното оживување кон „источните — работи" се однесува кон 1821—1824 година, кога Американците со интерес го следеле Грчкото востание и со симпатии се интересирале за

---

51) N. V. Michoff, Beiträge zur Handelgeschichte Bulgariens, 4.

52) S. F. Bemis, A Diplomatic History of the United States, 340.

53) An Encyclopedia of World History. (Compiled and Edited by W. L. Lituger). London, etc., 810.

54) R. N. Current, T. H. Williams, F. Freidel, American History. New York 1965,202. Види:G. A. Stockwell, „Macedonian" and „United States". Canadian Magazine (Toronto) vo. 15, 68.

55) Dana G. Munro, Macedonian. — Dictionary of American History. Vol. III. New York 1946, 318.

ослободителната борба на балканските народи.[56]) Оттогаш започнуваат американските мисионери да ја шират својата пропаганда и да зафаќаат разни делови на Балканот.[57]) Освен тоа, во 1824 година еден американски конзул формално бил признаен во Смирна. Но, официјалното испраќање на дипломатска мисија се одложило за подоцна.[58]) Тоа било поврзано со установување на трговските зделки. За таа цел, според Мартенс, од 14 април до 8 јуни 1830 година била водена развиена дипломатска кореспонденција за заклучување на трговски договор помеѓу Османската империја и САД.[59]) Договорот за трговија и пловидба помеѓу двете земји бил заклучен на 7 мај 1830 година. Според овој Договор им се дало право на поданиците од обете страни да се користат со пристаништата и да ја развиваат трговијата. Интересно е да се истакне дека во овој Договор биле предвидени клаузули за отворање на турски конзулати во САД и американски конзулати и вице-конзулати во Османската Империја. Предвидени се и други услови за текот и развивањето на обостраната трговска размена.[60]) Со ратификацијата на овој Договор, во 1831 година, започнале да се реализираат ставките за заедничката трговска размена и што е уште поважно биле установени привилегии за американските трговци во Турција, како што тоа било карактеристично за западноевропските капиталистички стопанственици. Освен тоа, американските граѓани добивале и екстериторијалност.[61]) Ова било значајно и од интерес на американските капиталистички кругови, кои добивале можност да ја развиваат трговијата со полуколонијалното подрачје, какво што била Османската империја, и постепено да го зголемуваат своето влијание. Тоа зафаќало поголем простор во внатрешноста на Империјата во тој состав и на Македонија. Македонија исцело била зафатена во американско-турската размена. Според „Das Ausland“ (1835) во 1833 година еден американски брод натоварил од Солун волна за Бостон.[62]) Од 1834 година мошне се чести соопштенијата за пристигнувањата на амери-

---

56) L. S. Stavrianos, Balkan Federation. Smith College Studies in History Northampton Mass.) XXVII 1—4 (1941—1942), 34—36; J. W. Pratt, A History of United States Foreign Policy. Englewood. N., 1961, 176—177.

57) Ив. Д. Шишманов, Нови данни за историята на нашето възраждане. — Български преглед IV (1898), 56, 57—72.

58) S. F. Bemis, Op. cit., 341.

59) Види: Correspondence diplomatique relative à la nègociation d'un Traité de commerce avec ls Etats — Unis d'Amérique. — Martens, Recueil général de Traites et autres actes relatifs aux Rapports de droit international, de 1494 à nos jours. Göttingen, vol. XI, 81—191 (G. E. Narodaunghian, Recueil d'Actes Internationaux de L'Empire Ottoman, vol. III, XXIII — XXIV).

60) Législation Ottomane, vol. IV, 156—158; G. E. Noradounghian, Op. cit., vol. III, 192—194. J. Gordon, American Relations with Turkey, 72—102.

61) S. F. Bemis, Op. cit., 341.

62) N. V. Michoff, Beiträge, 25.

кански бродови во солунското пристаниште. Во еден извештај на британскиот конзул во Солун Џон Чарнауд до Лордот Понсонби, британски дипломат, од 28 август 1934 година, се известува дека пристигнала една фрегата на САД во солунското пристаниште.[63]) Известувањата за пристигнувањата на вакви бродови се мошне чести и во следните години. Покрај тоа, конкретно се говори за американски внос и извоз од солунското пристаниште. Така, според еден австриски извештај за трговијата на Македонија и Тесалија од 1838 до 1841 година, произлегува дека од Македонија се извезувало за САД годишно 3.000 кантари црна мешана волна. Оттаму се внесло во Македонија 20.000 парчиња мануфактура.[64]) Покрај овие податоци за трговскиот сообраќај, наидуваме на известувања за активирање дејноста на американските мисионери. Така, во еден извештај на Чарлс, Блант, британски конзул во Солун до Лордот Понсонби од 10 март 1838 година, произлегува дека овој конзул бил известен дека Друштвото на епископската протестанска мисија од Америка имало намера да испрати мисионери во Солун.[65]) Кон ова, можеме да го присоединиме и исклучителното соопштение на спомнатиов британски дипломат од 21 март 1839 година за постоење во Солун веќе во 1838 година на американски конзулат со еден службеник, двајца преведувачи и 1 јаничар.[66]) Овој податок е мошне интересен и значаен, бидејќи се конкретизира и официјалниот интерес на американските официјални кругови за Македонија. Овој интерес добивал и економска компонента. Имено, во британските дипломатски извештаи од четириесетте години на XIX век наоѓаме интересни податоци за американскиот извоз од Македониај. Главен производ на извозот била македонската волна, која во различни капацитети се извезувала од солунското пристаниште, па преку Смирна за САД. Волната се прибирала од македонските пазари и средена по американските стандарди се препраќала за Америка. Така, го 1841 година биле извезени 150—200 тони.[67]) Во 1844 година била извезена волна за 1724 фунти.[68]) Во истата година на битолските пазари имало посебна побарувачка за волна наменета за американските пазари.[69]) Во 1845 година била извезена волна во износ за 1570 фунти,[70])

---

63) Британски документи за историјата на македонскиот народ, Т. I, 294—295.

64) N. V. Michoff, Beiträge., 39; Љ. Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ. Т. II. Скопје 1966, 42, 48.

65) Британски документи, 109.

66) Ibidem, 123.

67) PRO.-FO 195/176. Turkey, Salonica 1842.

68) PRO-FO 195/240. Turkey, Salonica 1845.

69) Ibidem.

70) PRO.-FO 195/240. Turkey, Salonica 1846.

Во првата половина на XIX век забележуваме и преселување во САД[71]) Според официјалниот „Statistical Abstract" можно е да се установи бројката во движењето на преселувањето кон центрите на САД. Меѓутоа, интересно е да се истакне дека во овој официјален американски извор националноста на преселниците не е одбележувана. Ова продолжува низ целиот XIX, а и во првите децении на XX век. Оттука и тешкотијата за правилно установување бројот на преселниците по националности. Статистичкиот преглед на преселниците од Балканот обично во ова време фигурирал под — „Европска Турција" (Turkey in Europe). Во периодите на различни децении од првата половина на XIX век движењето на преселниците било следно:

1.1820 до 1830 — 21.
2.1831 до 1840 — 7.
3.1841 до 1850 — 59.[72])

Во овие бројки би требало да бараме преселници и од Македонија. Но, уточнувањата за нивниот вистински број треба да се бараат по пат на поразнострани истражувања.

Пожив интерес кон источните работи се предизвикува во САД во време и по Кримската војна (1853/54—1856). Тогаш се актуелизира источното прашање. Виден придонес за разбранување интересот кон ова важно меѓународно прашање имале класиците на научниот социјализам — Карл Маркс и Фридрих Енгелс. Тие заедно објавиле серија статии за проблемите на источното прашање во познатиот њујоршки весник: „New York Daily Tribune" од 1853 до 1856 година. Се смета дека овие статии во најголем број ги напишал Ф. Енгелс, а ги редактирал К. Маркс.[73])

Во овие прилози К. Маркс и Ф. Енгелс мошне верзирано го разгледувале источното прашање и сите аспекти поврзани со овој на времето гордиев јазол. Во тој склоп на таа актуелна проблематика тие се осврнувале врз тогашната положба во Ма-

---

[71]) Според L. M. Hansen (L. M. Hansen, The Immigrant in American History. Cambridge (Mass.), 1948, 11) во Америка во XVIII век се употребувал при преселувањето зборот — „Emigrant". Од 1817 година во САД започнал да се употребува зборот — „immigrant".

[72]) Statistical Abstract 1878. Washington 1879, 132.

[73]) Види: Kar Marx, The Eastern Question. London 1897 (Ed. by E. Marx Aveling and E. Aveling); Karl Marx Oeuvres Politiques. Vol. III. La Question d'Orient). Paris 1929; Ernst Drahn, Marx Bibliographie. Charlotenburg 1920; Л. А. Левин, Библиография произведений К. Маркса и Ф. Энгельса. Москва 1948; Д. Зографски, По повод некои искажувања од класиците на марксизмот-ленинизмот за источното прашање. — Современост II/4 (1952), 46—70; Х. Андонов-Полјански, Иточното прашање и Македонија во статиите на Маркс и Енгелс. — Разгледи V/8 (1958), 1—2; Истиот, Маркс и историјата. — Историја IX/1 (1973), 18—19; Истиот, Енгелс и историјата. — Погледи XII/8 (1975), 119—121.

кедонија и ги набележувале модусите за решавање на состојбата наметнатата со османската господаречка система. Во една статија од 7 април 1853 година Ф. Енгелс изнесува поопстојна анализа за приликите во европска Турција, подвлекувајќи го конгломератот на раси и народи, кои се наоѓале под феудално уредување на Османска Турција. Основната и главна маса на населението ја сочинувале Словените, „гранка на словенската раса под име илирска или југословенска", меѓу кои постоела разлика во националниот развиток. Македонското население се именува — словенско. („Словенскиот селанец во Македонија").[74]) Во една друга статија од 19 април истата година, Ф. Енгелс го подвлекува влијанието на странскиот капитал во економиката на Турција, и освен тоа, ја подвлекува важноста на Македонија, меѓу другите подрачја, од воена гледна точка.[75]) Во врска со тоа Ф. Енгелс ја подвлекува во една статија од 21 април истата година и перспективата во борбата на поробените народи и во таа смисла, ја апострофира тенденцијата „на христијаните во Македонија" да се обединат во борбата за независност.[76]) Во друга статија од 17 октомври истата година Ф. Енгелс говори и за условите за формирање на востанички движења меѓу поробените словенски народи, во кои го акцентира и „Словенското население" во Македонија.[77]) На слични прашања К. Маркс и Ф. Енгелс се задржуваат и во други статии и прилози, што ги објавиле во Америка. Главно е третирана Кримската војна и Источното прашање и нивниот одраз на Балканот, респективно во Македонија. Со ваквата своја активност и ангажираност К. Маркс и Ф. Енгелс придонеле за разбудување интересот на американската јавност за проблемите на Источното прашање, а во тој склоп и со запознавање на приликите во Македонија и со нејзините тогашни својствени особености. Тоа е прво верзирано запознавање со Македонија во северо-американската хемисфера. Освен тоа, во оваа афирмативна дејност неопходно е да се вклучат и публикациите на патеписците, кои се распространиле и низ Америка.[78]) Меѓу нив, оосбено е значајно патувањето на познатиот американски писател Херман Мелвил (Herman Melville, 1819—1891). Големиот автор на „Моби Дик" (Moby Dick, 1851) многу патувал. При патувањето низ Медитеранот тој посетил и дел на Македонија. На 6 декември 1856 година тој пристигнал во Солун и тука останал до 9. истиот месец. Во својот „Дневник" (Journal of a Visit to Europe and the

---

[74]) К. Маркс — Ф. Энгельс, Сочинения. Т. 9. Москва 1957, 5—10.

[75]) Ibidem, 14.

[76]) Ibid, 31—34.

[77]) Ibid, 354—355.

[78]) Види: L. Bacon, European Turkey. — Christian Quarterly Spectator (New Haven) I (1829), 312; H. Sh. Weber, Voyages and Travels in the Near East made during the XIX century. Princeton. (The American School of Classical Studies at Athens 1952).

Levant) X. Мелвил дава опис на Солун по пристигнувањето и престојот во него. Поподробно се задржува на знаменитостите на градот, на неговиот секојдневен живот и особености.[79])

Во овој период, до Граѓанската војна, се ширело и влијанието на американското мисионерство. Тоа зафатило корени и во Македнија.

Со формирањето на „Американскиот совет на полномошниците за странски мисии" (The American Board of Commissioners for Foreign Missions) во 1810/1811 година, се поставиле основите на мисионерството. Ова централно тело ги претставувало неколкуте протестански цркви и тоа на конгрегационистички, презвитеријански и реформирани (the Congregational, Presbyterian and Reformed churches). Освен тоа, биле формирани одделни друштва и групи преку кои се одвивала мисијата. (Баптисти (1813), Методисти (1819), Епископски (1820), Презвитеријанци (1836—1837), Лутеранци (1839), Библиски и др.).[80]) Преку овие друштва и групи се одвивала мисијата, која ги зафатила и балканските подрачја. Најпрвин мисијата се одвивала по Грчкото востание. Тие потфати сè уште не биле добро организирани. Пред сè, се сондирал теренот и се воспоставувале контакти на разни нивоа.[81]) Дури по Кримската војна може да се зборува за поорганизирано изведување на американската мисија и на нивните мисионери. Тоа наоѓа одраз и во дипломатската кореспонденција. Во еден британски извештај од 18 август 1857 година се јавува за ширењето на протестантизмот во Македонија.[82]) Покрај американските мисионерски полномошници, се шират и британските (на пример „Church of Scotland", е во исто време дејствува „Библиското друштво („Bible Society").[83])

Посебна активност започнал да пројавува Д-р Ј. Ф. Кларк (Dr J. F. Clarke), кој истата 1857 година ја започнал својата мисионерска работа во Македонија. Тој тогаш ја посетил Македонија и започнал да го испитува теренот за воспоставување на мисионерски центри.[84]) Во исто време мисијата ја започнал и Р. Андерсон (Rufus Anderson), надворешен секретар на „Американскиот совет".[85]) Но, сè уште се одело претпазливо и се за-

---

79) Herman Melville, Journal of a Visit to Europe and the Levant (October 11, 1856 — May 6. 1857). (Ed. H. C. Horsford). Princeton 1955, 51, 69—70, 71—74.

80) J. C. Archer, Missions Foreign. — Dictionary of American History. Vol. III, 417.

81) Види: P. E. Shaw, American Contacts with the Eastern Curches, 1820—1878. New York 1937; E. Benz, Die Ostkirche im Lichte die protestanischen Geschichtsschreibung von der Reformation bis zum Gegenwart. 1952.

82) PRO.-FO 195/526. Turkey. Salonica 1857.

83) PRO.-FO 547. Turkey. Fo 1875.

84) C. Stephanove, The Bulgarians and Anglo-Saxondom, 269—279.

85) Rufus Anderson, Republication of the Gospel in Bible Lands. History of the Mission of the American Board of Commissions for Foreign Missions to the Oriental Churches. Boston 1873, vol. I. 426—430.

фаќале позиции. Тоа испитување не одело насекаде и не ги опфатило сите македонски краишта. Но, во некои дури во 1860 година немало трага од ширењето на протестантизмот.[86]) Дури со Граѓанската војна се проширило влијанието во Македонија на американската мисионерска пропаганда.

Во овој период до Граѓанската војна во САД се создале претпоставки за трасирање патот на препознавањето на Македонија од страна на заинтересираните американски фактори. На моменти тоа препознавање било од заеднички карактер и се однесувало за глобалната балканска проблематика. Но, со време, сè повеќе се продлабочувал теренот за отворено раширување на интересот и влијанието кон Македонија. Тоа може да се констатира и од неколкуте забележителни projави во текот на ова раздобје. Секако дека тука биле присутни повеќе аспекти на меѓусебното однесување и препознавање. Изградувањето и развивањето на американскиот капитализам нужно се рефлектирал на овие односи. Тие, во периодот по Граѓанската војна, добиле нови уште поразвиени и попроширени димензии.

## II.

МОШНЕ карактеристичен приод во односот на Соединетите Американски Држави кон Македонија и македонското прашање се одвива во периодот од Граѓанската војна до Илинденското востание. (1861/65—1903). Тоа е времето кога САД мошне забележливо излегуваат на светската историска сцена, развивајќи ги и усовршувајќи ги своите капиталистички потенцијали и преминувајќи кон платформата за разделба на светот, со пласирање на своите планови за империјалистичка пенетрација. Токму заради тоа овој период е исклучителен во северо-американската модерна историја. Во тој незадржлив потфат се распространуваат сè поизразито интересите кон источното прашање, како важно повремено и доминатно прашање во светската политика во означениов период. Оттука и се пледира кон уште поразвиено и продлабочено запознавање и со македонската проблематика, со сите нејзини специфичности, како клучен јазел во Османската империја. Тој однос бил предизвикан и од самите раздвижувања и настани, што ја потресувале Македонија во овој, исто така, клучен период за македонската историја. Отворањето на Македонија кон светот со сите нејзини автентични потенцијали нужно воделе да се зголеми интересот на северо-американските капиталистички кругови за нејзините

[86]) Според еден прашалник од 1860 година за положбата на населението во Битолскиот вилает, што го подготвил заменикот на британскиот конзул во Битола Ричард Абот на 9 јули 1860 година, произлегува дека во овој вилает сè уште немало протестанти. (Х. Андодов-Полјански, Еден прашалник за положбата на населението во Битолскиот вилает. — Годишен зборник 26 (1974), 44).

економски и политички особености и согласно на тоа да се развие процесот на поголемо и поразвиено запознавање, а од друга страна, и со преземање чекори за зголемување сферите на влијание во сите домени на општествено-политичкиот, економскиот, религиозниот и просветно-културниот развиток. Токму заради тоа во овој период, од Граѓанската војна до Илинденското востание, констатираме разнострани и впечатливи врски помеѓу обете страни и тоа во најразновидни аспекти и видови.

## 1.

Граѓанската војна отвори нова страница во историјата на американскиот континент. Со победата на буржоаско-демократската револуција се отворија нови насоки во развитокот на американскиот капитализам и империјализам. Неговиот бурен развиток нужно бараше нови простори за пенетрација. Такви наиде и во опширните подрачја на Османската империја, чијшто средишен дел го опфаќаше Македонија. Меѓутоа, мошне карактеристично е да се истакне дека уште во виорот на Граѓанската војна американските капиталистички кругови беа заинтересирани за заклучување на нов трговски договор со Турција за програмирање и за реализирање на поразвиена трговска размена. Во амбасадорските извештаи, како и во пораката на Президентот од 1862 година, се подвлекуваат чекорите што биле преземени за заклучување на ваков договор.[87]) Таков договор бил заклучен на 25 февруари 1862 година. Тој се состои од 23 члена. Всушност, тој е поразработен и попродлабочен во споредба со претходниот договор. Предвидени се ставки околу трговските зделки, трговскиот сообраќај, размената и обврските, како и пловидбата.[88])

Донесувањето на овој нов трговски договор придонело за оживување на трговската размена помеѓу САД и Турција, во која била вклучена и Македонија. Односите во овој сообраќај се регулираат и со други акти, како што тоа било случај со другите капиталистички држави.[89])

Спроведувањето на овој договор било попречено поради текот на Граѓанската војна во САД. Но, интересно е да се подвлече дека веќе следиме интерес за македонските стопански потенцијали. Така, во дипломатските извештаи го забележуваме

---

87) Message of the President of the United States to the two Houses of Congress at the Commencement of the third Session of the thirty seventh Congress. Vol. 1. Washington 1862. (Н. Михов, Населението IV, 228.

88) Législation Ottomane IV, 159—169; G. E. Noradounghian, Recueil III, 179—180.

89) G. E. Noradounghian, Op. cit., III, 368—370,

зголемениот американски интерес за култивирање на памукот.[90]) Таков интерес констатираме во време и по војната.[91])

Во овие односи особено се предизвикува и се актуелизира прашањето на македонскиот памук. Тоа настанало како резултат на Граѓанската војна во САД, со што било предизвикано пореметување на светското стопанство. Тоа особено чуствително се одразило во производството и побарувачката на памукот. Со започнувањето на војната јужните делови на САД, поради блокадата на Северњаците, престанале со извозот на овој важен индустриски артикал. На тој начин настапила осетна криза во европската текстилна индустрија. Тогаш во низа европски капиталистички држави настапила депресија. Тоа чувствително се одразило и врз состојбата на работничката класа. Класиците на научниот социјализам К. Маркс и Ф. Енгелс во низа свои трудови, прилози и писма, следејќи ја со внимание Граѓанската војна,[92]) обрнувале сериозно внимание на настанатата, криза и нејзиниот одраз врз состојбата на работничката класа.[93])

Насекаде низ Европа настапила таканаречена „памучна треска", позната во меѓународниот речник и како „памучна глад" (Cotton famine), која го опфаќала целиот период на Граѓанската војна (1861—1865).[94]) Со цел да се ублажи кризата започнала побарувачката на памук. Покрај централните подрачја за набавка на памукот: Индија, Египет и Турција, започнал да се актуелизира и македонскиот памук. Тоа станало прашање на денот и како такво го наоѓаме во дипломатската кореспонденција и во стандардните публикации за памукот.[95]) Всушност, не се работело за некаква случајна појава, туку Македонија од порано била позната како изразит производител на памук. Особено тоа било карактеристично во XVIII и во првите децении на XIX век.[96]) Во натамошните децении производството е нееднакво и е поврзано со конкуренцијата на американскиот памук, кој се пласирал на европските пазари. Но, интезивно се на-

---

90) Papers relating to Foreign Affairs (Message), Turkey (1862), Part II. Washington 1864, (Н Михов, Населението IV, 229).

91) Papers (Turkey 1864—1865, 1865—1866, 1867, 1868, 1870—1871, 1873 — 1874, passim.

92) Види: К. Маркс и К. Энгельс, Сочинения. Том 15. Москва 1959, 337—347, 348—356, 410—414, 429—430, 431—433, 438—440, 490—493, 494—497, 498—507, 517—521, 547—550, 568—571, 576—579, 580—582 583—585, 590—592.

93) К. Маркс, К хлопчатобумажному кризису. — К. Маркс — К. Энгельс, Сочинения. Т. 1, 472—474.

94) Види: М. З. Влајинац, Историја производње памука у нашим пријевима. Београд 1927, 86—90; Le Coton. Paris 1954.

95) A. Chevalier, Op. cit. 45—46.

96) Види: Н. Димчев, Значението на гр. Солун в търговско отношение. — Сп. БИДр II/6—7 (1897), 253—254; N. Michoff, Contribution, 466 — 632. За годините: 1783—1792, 1858, 1861, 1862—1863, 1864—1865, 1867); М. З. Влајинац, Op. cit., 28, 86—90; И. Катарџиев, Серската област, 1789—1879. Скопје 1961, 62—63, 83, 88, 94; Д. Зографски, Развиток на капиталистичките елементи, 52—53, 155—159.

стојува, нарочно од 1851 година за користење на американско памучно семе.[97]) Од 1858 година се известува за култивирање на американскиот памук од видот „New Orleans".[98]) Во 1860 година резултатите од примената на овој вид памук веќе станале поволни.[99]) Во исто време се пројавил интерес од американска страна за македонскиот памук.[100])

Со Граѓанската војна во САД осетно се зголемува интересот за македонскиот памук. Вниманието на капиталистичкиот трговски свет било свртено кон овој важен артикал. Поради тоа недостатокот на американскиот памук на европските пазари довело до тоа да се зголеми производството, а во исто време и извозот на македонскиот памук. Според современите конзулски извештаи се констатира вклучувањето на Македонија во оваа „памучна треска" и се бележи квантитетниот растеж на извозот од Македонија.[101]) Но, веќе непосредно по војната, тоа осетно се намалува, со оглед на повторното активирање на вносот на американскиот памук на европските пазари.[102]) На тој начин во еден исклучителен момент, поради Граѓанската војна во САД Македонија била вклучена во европската трговска размена. Тоа значеше, во извесна смисла, и елемент на нејзината афирмација во меѓународните односи.

По Граѓанската војна во САД, кога победата на индустрискиот север над робовладетелскиот југ, го расчисти патот за бурниот развиток на капитализмот во Америка, се засилува американската економска и политичка пенетрација. Особено ова станува карактеристично во периодот на империјализмот, во кој според В. И. Ленин, и САД се вклучуваат во империјалистичката поделба на светот.[103]) Во тој комплекс тие се вклучуваат и во империјалистичката инфилтрација и сфера на дејствување во рамките на Османската империја. Секако, дека не од такви размери како другите големи империјалистички сили се дви-

---

97) Во цариградските весници и списанија се бележат бројни податоци за користење на американското памучно семе и упатства како да се применива. (Види Цариградски весник 28. IV. 1851; Съветник 1. IV. 1862, 23. III. 1864).

98) PRO.-FO 78/1393, Turkey. Salonica 1858; 78/1458. Turkey. Salonica 1859.

99) PRO.-FO 78/1526. Turkey, Salonica 1860.

100) J. P. Brown, Culture of Cotton in Turkey. — Hunt's Merchant Magazine (New York) vol. 6, 156.

101) PRO. — 195/765, 771. Turkey, Trade Reports 1863; N. Michoff, Contribution, 465—467, 536—542.

102) PRO.-FO 78/3197. Turkey. Constantinople ,1866 (Cotton prospects in Turkey. — Levant Herald 19. XII. 1866); Fo 195/850. Turkey, FO 1866; Fo 78/1908. Turkey. Lyons 1866 (Cotton Supply. — The Levant Herald 31. I. 1866).

103) В. И. Ленин, Империјализмот како највисок стадиум на капитализмот. Скопје 1962, 92—120. Види исто: W. L. Langer, The Diplomacy of Imperialism, 1890—1902. Vols. I—II. New York — London 1935, vol. II, 629 — 750; F. Sternberg, Socijalizam i kapitalizam pred sudom svetske javnosti. Beograd 1954, 83—88.

жело тоа дејствување.[104]) Но, тоа зело размери и се карактеризирало со свои своевидни посебности. Тоа особено го забележуваме во трговската размена, како во глобал, така и одделно со македонските стопански потенцијали. Ова движење можно е да се разгледа посебно од податоците на конзуларните извештаи, кои го бележеле текот на вносот и извозот, како и одделните карактеристики од размената.

Од 1870 година натаму бележиме различно движење во трговската размена помеѓу САД и Македонија. За жал, сè уште целосно не е можно да се регистрира билансот на ова трговско движење за сиот период на третиранава тема. Тоа е можно да го претставиме само за одредени годишта и обично сообраќајот преку солунското пристаниште, а и преку другите македонски центри. Така, за 1870 година наоѓаме податок само за внос на стока од САД преку солунското пристаниште во износ од 160.000 франкови.[105]) Во 1872 година таа бројка осетно се зголемува. Тогаш вредноста на внесените производи изнесувала 798.000, извозот за 388.000 франкови.[106]) Меѓутоа, во 1877 година вносот се намалува на 141.000 франкови, а извозот не е регистриран. Во следната година, 1878, вносот пак осетно се покачува на 890.000 франкови, додека и во оваа година извоз не е забележан.[107]) Во натамошните години повторно бележиме покачување на ставките на вносот. Така, во 1886 година вносот се вреднува за 897.000, во 1887 за 825.000 и во 1888 година за 380.000 франкови.[108]) Овие показатели на зголемен внос, во што лежела политиката за империјалистичка зависност, ја гледаме и во следните години, а особено во почетокот на XX век. Но, сега веќе располагаме со показатели за целата Европска Турција. Така, во 1902 година вносот изнесува 4.935.346 долари, додека во 1903 се движи на 5.672.578. За истиве години извозот изнесува 604.775 долари, односно 496.785.[109])

Во размената, како вносот, така и во извозот, била вклучена разновидна стока. Така, во вносот се внесувало обично индустриска стока и таа се пласирала на пазарите. Во извозот се извезувало производи на индустриската култура и други артикли од значење за американскиот пазар.[110])

---

104) Види: Х. Андонов-Полјански, Економските аспекти во односите на империјалистичките држави кон Македонија и македонското национално-ослободително движење од крајот на XIX и почетокот на XX век. — Гласник XVII 2 (1973), 17—28.

105) Michoff, Contribution, 643; Д. Зографски, Развиток на капиталистичките елементи, 365.

106) N. Michoff, Contribution, 661.

107) Ibidem, 725.

108) Д. Зографски, Op. cit., 384.

109) Statistical Abstract 1914, 325.

110) J. L. Gordon, American Relations with Turkey, 72—116,

Оваа разновидност во меѓусебната размена може попрецизно да се аргументира, за извесни години, и преку конкретностите за пласман и за извоз од македонските пазари. Така, во 1886 година во Солун бил внесен од САД петролеј за 897.000 франкови.[111]) Додека за 1888 година забележуваме извоз од Солун на овча волна за 340.000 франкови, на кожи за 222.000, и на сливи за 97.000.[112]) При ова, интересно е да се спомене, дека наоѓаме податоци и на внос на американска стока во Битолскиот вилает. Така, за 1888 година констатиран е внос на крзна во износ од 93 квинтали со вредност од 8.330 гулдени, а петролеј од 1.641 квинтали за 14.733 гулдени.[113])

Во овој период констатирано е и движењето на пловидбата. Интересно е дека и сега повторно се среќаваме со именувањето „Македонија" (Macedonia) на американски бродови вклучени во пловидбата. Така, во еден извештај од 1871 година, се среќаваме со податокот дека помеѓу 1862 и 1864 годинаваков еден брод со ова име пловел помеѓу американските и англиските пристаништа.[114])

Во пловидбата преку солунското пристаниште забележени се впловувања на американски бродови. Така, во 1872 година впловиле 5 брода со 1.161 тони;[115]) Во 1877 г. 8 со 2.492 тони и во 1878 година 6 со 2.020 тони.[116])Освен овие впловувања регистрирани се и посети на американски бродови на солунското пристаниште. Според еден конзулски извештај во октомври 1881 година забележана е посетата на една американска корвета.[117])

Во овој период се забележува грижата и околу набавката на американски семиња на разнородни земјоделски производи. Така, во едно известување од 19 мај 1889 година се говори за распределбата на американско семе за пченка во Солунско.[118])

Овој екскурс за периодот по Граѓанската војна во САД само до извесна степен го опфаќа овој значаен момент од економските односи. Таквиот приод зависел од повеќе околности. Пред сѐ, тогашната положба на Македонија можела да придонесе само до таков ограничен простор во трговското делување. Од друга страна, американската заинтересираност била свртена на други подрачја, кадешто нејзината империјалистичка инфилтрација и пенетрација била од животен интерес Кон тоа треба да се придружи и фактот, зашто попродлабоченото расветлување на ова прашање ќе фрли нова светлина кон овој аспект од заинтересираноста на САД кон Македонија во XIX и во почетокот на XX век.

111) Д. Зографски, Op. cit., 379.
112) Ibidem, 381.
113) Ibid., 387.
114) PRO.-FO 5/1390. America. July to November 1871.
115) N. Michoff, Contribution, 663.
116) Ibidem, 727.
117) PRO. — FO 78/3318 .Turkey. Salonica, 1881.
118) PRO. — FO 78/4217. Turkey. Salonica 1889.

## 2.

По Граѓанската војна во САД се зголемува интересот кон Источното прашање. Во овој период источните работи предизвикале интерес во редовите на американската администрација, кај дипломатските кругови и кај јавноста. Ова раздвижување го следиме преку дипломатските извештаи, како и преку други изворни податоци. Преку нив дознаваме и за опсегот на тој интерес, кој варирал според актуелноста. Отпрвин интересот се движи во општи релации, опфаќајќи ја вопштено сета Османска империја, додека, потем, се шири радиусот кон запознавање на приликите во нејзините одделни делови. На тој начин се проширува и интересот кон Македонија.

Уште во текот на самата Граѓанска војна американските дипломатски претставници во Османската империја испраќале извештаи за политичките прилики и на тој начин го зајакнувале американскиот интерес. Така, во 1862 година се обрнува внимание на приликите.[119]) Истото се подвлекува и во Посланицата на Президентот.[120]) Во извештаите од 1863/1864 година акцент се дава на реформите во Империјата.[121]) Додека во извештаите од 1864/1865 година повторно се наблега на политичките прилики и се споменува за одзивот предизвикан со убиството на американскиот президент Абрахам Линколн, кој бил проследен во источните краишта со пиетет.[122]) Состојбата во Империјата се третира и во извештаите од 1865/1866 година. Наблегањето сега е свртено кон турската администрација.[123]) Таков приод имаат и президентските посланици од 1867,[124]) и тие од 1869 година.[125]) Од 1870 година се чувствува поинаков пристап. Така, во извештаите од 1870 година се потенцира воопштено зголемување влијанието на САД,[126]) а додека во оние од 1871 се подвлекува американската заштита на граѓаните и се

119) Papers. — Turkey (1862), Washington 1862. (Н. Михов, Населението IV, 279.

120) Message. — Turkey (1862), Washington 1864. (Н. Михов, Населението IV. 229.

121) Papers. — Turkey (1863—1864). Washington 1865. (Н. Михов, Населението IV, 280—281).

122) Papers. — Turkey (1864—1865). Washington 1866. (Н. Михов, Населението IV, 281—282).

123) Papers. — Turkey (1865—1866). Washington 1867. (Н. Михов, Населението IV, 283—284).

124) Message. — Turkey (1867). Washington 1868. (Н. Михов, Населението IV, 230).

125) Message. — Turkey (1868). Washington 1869. (Н. Михов, Населението IV, 230—231).

126) Papers. — Turkey (1870). Washington 1870. (Н. Михов, Населението IV, 285.

нотираат односите во провинциите.[127]) Слично е и со извештаите од 1872[128]), 1873[129]) и 1874/1875 година.[130])

Источната криза (1875—1878) и настаните по неа зафаќаат поголем простор во американското дипломатско интересирање. Американските дипломати во Османската империја со жив интерес ги следеле настаните. Сега веќе и од Македонија зачестуваат извештаите за конкретните прилики. Главен известител за тие прилики била американската конзуларна агенција во Солун (United States Consular Agency), која во 1876 година ја водел П. Х. Лазаро (P. H. Lazzaro). Неговите извештаи за приликите во Македонија се надоврзуваат на тие од американската амбасада во Цариград и со тоа го надополнуваат американското познавање на источните настани.[131]) При ова, се прават обиди да се навлезе подлабоко до текот на настаните, кои тогаш ја обвиткувале Македонија, која низ вителот на Источната криза го барала патот на своето себенаоѓање. Вакви обиди правел П. Х. Лазаро во своите извештаи. Во својот прв извештај, испратен од Солун на 25 мај 1876 година до американската амбасада во Цариград, тој го третира прашањето за грабнувањето на едно македонско девојче од Богданци од страна на фанатизирани муслимани, кои тежнееле да ја присилат да премине кон исламот. Овој настан станал мошне актуелен. Тој станал предмет на внимание не само на европската дипломатија, туку и на пошироката јавност. Случката добива нова димензија, кога францускиот и германскиот конзул во Солун се обиделе да интервенираат; тие биле убиени. Ситуацијата се заострила до голема степен и довеедува до флотска интервенција на силите врз солунското пристаниште. Во својот извештај П. Х. Лазаро споменува дека пред овој документиран материјал испраќал до амбасадата телеграфски известувања и дека овдека дава прегледен осврт за целиот настан.[132]) Подробниот опис на тој настан е придружен со низа детали, кои, и покрај познатото од другите дипломатски извори, фрлаат нова светлина за овој случај, како дел од тогашната тешка положба на македонскиот народ, кој, ја вознемири Евро-

---

[127]) Papers. — Turkey (1870—1871). Washington 1871. (Н. Михов, Населението IV, 285.

[128]) Papers. — Turkey (1870—1872). Washington 1872. (Н. Михов, Населението IV, 268—287).

[129]) Papers .— Turkish Empire (1873). Washington 1873. (Н. Михов, Населението IV, 290).

[130]) Papers. — Turkish Empire (1874—1875). Washington 1875. (Н. Михов, Населението IV 292—293).

[131]) Message. — Turkey (1876). Washington 1877). (Н. Михов, Населението IV, 231—240); Papers. — Turkish Empire (1876—1877). Washington 1877. (Н. Михов, Населението IV, 294—296).

[132]) Papers 1876, 569—572.

па. Извештајот е придружен со изјава на 11 сведоци од Богданци од 25 април 1876 година, која е предадена во превод.[133])

САД обрнале внимание и на настанот со убиството на конзулите во Солун. За ова подробно известување испратил П. Х. Лазаро на 21 јуни 1876 година. Покрај описот на настанот П. Х. Лазаро ја констатира тешката положба и ситуација во градот и околината.[134])

Американската дипломатија видно внимание посветила на Цариградската конференција од крајот на 1876 и почетокот на 1877 година. За оваа конференција подготвил предлог за автономија на Македонија американскиот конзул Е. Шујлер (E. Schuyler) заедно со американските професори од Роберт Колец (Robert College) од Цариград.[135])

Со изразито внимание се следи и текот на руско-турската војна (1877—1878), донесувањето на Сан-Стефанскиот и Берлинскиот договор.[136]) Во анализите на последниов договор посебен акцент се дава на чл. 23, кој се однесувал и за Македонија.[137])

Забележителен интерес американската дипломатија пројавувала и за настаните, што се одвивале по 1878 година.[138]) Тој интерес константно расте и се зголемува. Според еден британски конзуларен извештај од солунскиот конзулат од 28 јуни 1888 година, британскиот вице-конзул во Битола бил замолен да ги заштитува американските интереси во овој македонски центар.[139])

Во овој период се зголемува вниманието и на американската јавност кон источните работи. Покрај политичките настани јавноста ја возбудиле и патеписите на американските патеписци, кои се однесувале и со опис на положбата во Османската империја. Виден интерес предизвикал патеписот: „Наивците во странство“ (The Innocents abroad, 1869), кој го напишал познатиот американски писател Марк Твен (Mark Twain/Samuel J. Clemens/1835—1910). Во овој роман, кој има и алегорична форма,[140]) опишан е патот по Медитеранот и посетата на Тур-

---

133) Имињата на сведоците вака се предадени: Tana Petre, Tana Engue, Delhio Tantzi, Nicolas Papa Christoph, Mitro Stoico, Christo Stoico, De'lhio Stoil, Theodorus Mitri, Colio Progio, Basil Mitri, Tano Manel. (Papers 1876, 572).

134) Papers 1876, 574—575.

135) Papes. — Turkish Empire (1876—1877). (Н. Михов, Населението IV, 294—295); D. Micheff, Les Liens moraux de Amerique et de la Bulgarie, Lausanne 1918, 8—9.

136) Papers. — Turkish Empire (1876—1877). (Н. Михов, Населението IV ,294—296; Papers. — Turkish Empire (1877—1878). (Н. Михов, Населението IV, 298—300.

137) Ibidem 301.

138) Papers. — Turkish Empire (1878—1879). (Н. Михов, Населението IV, 301—303).

139) PRO.-FO 195/1618. Turkey, Salonica 1888.

140) The Art Humor and Humanity of Mark Twain. (Ed. M. M. Brashear and R. M. Rodney). Oklahoma 1959, 139, 405.

ција. Во описот се дадени подробности и за приликите во оваа Империја.[141]) Всушност, од интерес е да се испита и творештвото на овој истакнат творец на зборот, за одразот на македонските мотиви во неговите творби.

Од патеписната литература внимание предизвикале и други трудови. Така, Е. Шујлер ги набележал различните аспекти на источното прашање,[142]) Е. Л. Кларк (E. L. Clark) положбата на населението, обрнувајќи внимание и на македонското,[143]) а додека еден Аноним ја засегнал положбата на Американците во Османската империја.[144])

Интересно е да се одбележи дека во ова време пројавува внимание кон македонските културни вредности и познатиот американски публицист и основач на „New York Herald" — Џемс Гордон Бенет (James Gordon Bennett, 1795—1872).[144а]) Кон него се обрнал Стефан Верковиќ, собирачот на македонски народни песни и издавач на „Веда Словена" (1874, 1881), за да му биде мецена.[144б]) Одговорот на Џ. Бенет бил негативен.[144в])

Ангажирањето на американската дипломатија и на јавноста за запознавање со источните работи, во кои била вклучена и Македонија, било поврзано исклучиво со политиката на САД во ова подрачје. Таа не била толку отворена и влијателна, како што тоа било карактеристично за другите империјалистички сили. Но, сепак биле поставени основите во сондирањето на теренот, чии што длабоки траги биле регистрирани во идните децении.

## 3.

По Граѓанската војна во Македонија со особено темпо се шири дејствувањето на американската протестанска мисија. Во исто време започнуваат обидите за ширење на просветно-културното влијание. Кон ова мошне многу спомогнува формирањето на „Роберт Колеџ" (Robert College) во Цариград на 16

---

141) Mark Twain (S. J. Clemens), The Innocents abroad or the New Pilgrims' progress. Vols. I—II. New York and London 1911, vol. II, 62—92.

142) E. Schuyler, The best works on the Eastern Question. — The Nation vol. 25 (1877), 284.

143) E. L. Clark, The Races of European Turkey. Their history, condition and prospects. Parts I—III. New York 1878.

144) The Americans in Turkey. — Eclectic Magazine XC, 641 (J. A. De Novo, American Interests and Policies in the Middle East, 1900—1939. Minneapolis 1963.

144а) E. Emery, The Press and America. Englewood Clifis 1962, 221, 248.

144б) Види I. Šišmanov, Glück und Ende einer berühmten literarischen Mystification: Veda Slovena. — Archiv für Slavische Philologie XXV (1903), 600; Македонски народни песни. Собрани од Стефан И. Верковиќ, (Редакција: К. Пенушлиски). Скопје 1961, XXII—XXII Гане Тодоровски, Веда Словена и нејзините мистификатори, Скопје, Филозофски факултет (докторска дисертација), 92.

144в) И. Шишманов, Op. cit. 600.

септември 1863 година. Овој колеџ бил типичен американски кампус. Се состоел од два оддела: средно и високо. Се раководел од двајца ректори: Американец и Турчин. Колеџот имал огромна библиотека и два музеја. Во него се школувале младинци од сите делови на Османската империја. Меѓу нив се наоѓале виден број Македончиња.[145]) Овој Колеџ одиграл голема улога во ширењето на американското политичко и просветно-културно влијание.

Религиозната и просветната пропаганда започнала да се шири и преку списанијата, весниците и популарните брошури и друга литература. Во тие пропагандни инструменти најголемо влијание имало списанието, а потоа весникот „Зорница", кои излегувале во Цариград. Нив ги издавале американските протестански друштва. Списанието започнало да излегува во 1864,[146]) а весникот од 1876 година.[147]) Кон ова може да се приклучи и официјалниот орган на американските мисионери: „The Missionary Herald", кој излегувал во Бостон и Кембриџ.

Најпроширена дејност развиле американските мисионери. Тие ги претставувале САД. Извршувале дипломатска и религиозна мисија во интерес на политиката на САД.[148]) Таква мисија извршувале и во Македонија.[149]) Во прво време тие се преплетувале со мисиите на англиските цркви, но со време станувале сè повеќе самостојни и влијателни во опфаќањето на македонските центри. Интензитетот во распространетоста на американската мисија, воопшто на протестанството во Македонија, бил различен. Според еден податок уште во 1864 година 200 велешки семејства сакале да се префрлат во протестанската црква.[150]) Веќе следната година, според конзулски извештаи, започнува поангажирано работење на мисионерите.[151]) Тоа се изразува во поконкретно сондирање на теренот за создавање на свои центри. Така, во 1869 година се прецизира создавањето на центар во Банско (Разлог).[152]) Следните две години, веќе мисијата работи во овој живописен македонски центар.[153]) Тука била формирана и првата општина. Оттука почнува и ширењето на мисијата по

145) C. Stephanove, Op. cit., 308—309; S. Bemis, Op. cit., 341.

146) Българска възрожденска книжнина. Т. I. София 1957, 441.

147) Ibidem, 463.

148) J. C. Archer, Missionaries and Diplomacy. — Dictionary of American History. Vol. III, 415.

149) Émile de Laveleye, La Peninsule des Balkans. Paris 1886. (Българската история в трудовете на европейски учени. София 1970, 210).

150) М. Пандевски — Ѓ. Стоев — Трнката, Струмица и Струмичко низ историјата. Струмица 1969, 184

151) PRO.-FO 195/818. Turkey — Foreign Office 1965.

152) (Edw. Locke), A visit to Bansko, Bulgaria. — The Missionary Herald vol. 65 (1869), 85—87 (Н Михов, Населението IV, 215).

153) (Edw. Locke, A Call from Macedonia. — The Missionary Herald vol. 67 (1871), 360—361 (Н. Михов, Населението IV, 215).

другите македонски подрачја.[154]) Сето тоа влијаело да се преземе поорганизирана акција во ширењето на протестанската пропаганда, во создавањето на центри, во развивањето на пропагандната религиозна и просветно-културната агитација.

Од почетокот на седумдесеттите години на XIX век натаму американското мисионерство зафаќа силни корени во Македонија. Според К. Стефанов, во 1873 година „The American Board" одлучил да ја прошири уште повеќе својата дејност во Македонија. Најпрвин Битола бил избран за главен центар. Тука бил формиран комитет, кој работел за ширењето на мисионерството. Тука се настаниле две мисионерски семејства и оттука мисионерите ја шireле поорганизирано својата дејност низ другите центри на Македонија.[155])

Во следните години мисионерството се шири поинтензивно. Зафаќа повеќе подрачја и тоа не само по градските центри, туку и по селата.[156])

Од деведесетите години на XIX век па натаму мисионерството одново се проширува. Поврзувањето на македонските центри со железницата значи нови чекори во ширењето на протестантизмот.[157]) Оваа димензија во ширењето на протестанската пропаганда овозможува да се разграничи нејзиното ширење по одделни македонски центри. Согласно на една статистика од 1899—1902 година возможно е, до извесна степен, да се претстави опфатеноста на оваа пропаганда во Македонија.[158])

Во кукушката каза, покрај распространетоста на унијатството, се шири и протестанството. Во Кукуш е регистриран бројот на 16 протестанти, а во селото Долно-Тодорак 80.[159]) Во казата Енице-Вардар регистриран е бројот на 80 протестанти.[160]) Во тиквешката каза само во Кавадарци е регистриран бројот на 16 протестанти.[161])

154) Protestanism in Turkey. — The Missionary Herald vol. 68 (1872). 43—48, 306—309, 362—364. (Н. Михов, Населението IV, 320).

155) C. Stephanove, Op. cit., 283—285.

156) Види: (J. F. Clarke, European Turkey Mission. — The Missionary Herald vol. 74 (1878), 231—234. (Н. Михов, Населението IV, 161; Paper, — Turkish Empire (1878—1879), Washington 1879 (Н. Михов, Населението IV 301—302); Papers. — Turkish Empire (1879—1880). Washington 1880. (Н. Михов, Населението IV, 303; PRO-FO 78/3136. Turkey. Salonica 1880; Cyclopaedia of Biblical, Theological, and Ecclesiastical Literature. New York 1881, Vol. 10, 580—594; Какво вършат Американските мисионери у нас. София 1898; W. W. Hall, Puritans in the Balkan. The American Board Mission in Bulgaria, 1878—1918. Sofia. — Studia Historica-Philologica Sardicensia 1938, 269; P. B. Mojzes, A. History of the Congregational and Methodist churches in Bulgaria and Yugoslavia, Boston 1965; Историја на македонскиот народ, Т. II, 130—131.

157) C. Stephanove, Op. cit., 185—186.

158) D. M. Brancoff, La Macédoine et sa Population Chrétienne. Paris 1905, 97—267.

159) Ibidem, 98.

160) Ibide., 102.

161) Ibid., 104.

Американската мисија создавала свои центри во некои делови на Македонија. Таков центар била Струмица. Тука, во 1881 година наоѓаме протестанти. Според еден конзулски извештај, во истава година тие биле прогонувани.[162]) Тука протестанството било пренесено од Битола. Во 1882 година била формирана протестанска општина. Протестанството се шири во градот и во селата. Тој растеж во 1884 година се бележи во конзулските извештаи и во документацијата на протестанската мисија во Струмица.[163]) Тоа доведува во 1890 година да се формира Евангелистичка црква во Струмица, а натаму ширењето на протестанството се префрла по селата, а посебно во некои поразвиени села.[164])

Распределбата на протестантите во почетокот на XX век во Струмица и Струмичко бил нееднаков. Нивната концетрација била различна како во градскиот центар на Струмица, така и по селата. Така, во Струмица нивниот број изнесувал 144. По селата бројот бил следен: Дабиља 8; Колешино 16; Моноспитово 184; Муртино 208; Варварица 16; Вељуса 40; Драгомирово 8. Вкупно во струмичката каза имало 624 протестанти.[165])

Најголем центар на мисионерството се наоѓал во Разлог (Мехомија). Од оваа област испакнувало Банско. Тука ширењето на простестантизмот зафатило длабоки корени. Како такво е и влезено во мисионерската и друга литература. Раширената дејност се изразила пред сè во растежот бројот на приврзениците, во формирањето на првата општина и црква и во сета друга пропагандна дејност. По седумдесеттите години бројот на приврзениците и нивната ангажирана дејност постојано растела и се зголемувала.[166]) Затоа и борбата на Банскалиите била свртена кон признавање на нивната општина,[167]) кое е мошне важно во борбата за еманципација на овој македонски центар од стегите на другите пропаганди.

Растежот на мисионерското движење во Разлог и посебно во Банско возможно е да се констатира по бројот на протестантите во областа. Тој број во почетокот на XX век бил како што следува: Мехомија 160; Банско 400; Бања 80; Добриница 8; Еленица 120; Јакоруда 104. Вкупниот број во целата каза из-

162) PRO.-FO 78/3318. Turkey, Salonica 1881.

163) PRO.-FO 195/3644, Turkey. Salonica 1884; Fo 78/3645. Turkey. Salonica, 1884.

164) М Пандевски, Ѓ. Стоев — Трнката, Струмица и Струмичко низ историјата, 185—187

165) D. M. Brancoff, Op. cit., 106.

166) Види: (Edw. Locke, A time of joy-Enlargement of the Bansko church. — The Missionary Herald 69 (1873), 55—57; (J. F. Clarce), Theological students. — The Missionary Herald 71 (1875), 42, 160—169; (Edw. Locke), Pecuniary Needs. — The Missionary Herald 72 (1876), 25—27 (Н. Михов, Населението IV, 216).

167) PRO.-FO 195/1453. Turkey Salonica 1883.

несувал 872.[168]) Со оглед на вкупниот број на населението во казата (29.320/872)[169]) процентуалниот однос кон бројот на протестантите би бил 33,6.

Во соседните области на Разлог, во Пиринско, движењето на мисионерството било нееднакво. Така, во Горна-Џумаја бројот на протестантите изнесувал 16; во Гармен (Неврокопско) 40.[170]) Таква различност наоѓаме и во другите македонски области. Така, само во Скопје бројот изнесувал 48.[171]) Извесно зголемување гледаме во Радовиш: 240 и во радовишкото село Ракличе: 80.[172])

Првите основи што биле поставени со мисионерството во Битола не достигнале во процесот на неговото растење таков степен како што тоа било карактеристично за другите македонски области. Инаку, интересот на мисионерската метропола во Америка бил свртен кон овој македонски центар. Оттука и настојувањето да се заздрави овој важен пункт, за да може да се пробива и во другите делови на Македонија. Во седумдесеттите години и натаму постојано се инсистира за овој центар,[173]) Интересот се зголемува и за другите центри, каков што бил Прилеп и други.[174]) Од нив сочувани се само бројките за бројот на протестантите во Битола. Кон почетокот на векот тој број изнесувал: 36.[175]) Таков соодноc наоѓаме и во другите македонски области. Така, во серска каза само во Сер биле регистрирани 128 протестанти.[176]) Во Драма регистрирани се: 32.[177])

Мошне жив интерес на мисионерството постоело за Солун. Биле направени чести обиди за опфаќање на овој важен центар. Во еден конзулски извештај од 1882 година се говори за движењето на мисионерството во овој град и во околијата.[178]) Во 1895 година веќе постои американско мисионерско тело,[179]) и се прецизираат правата на мисионерите.[180]) Во 1900 година во градот постои мисионерско друштво.[181]) Но, во ова исто време бројот на протестантите изнесува само: 80.[182])

168) D. M. Brancoff, Op. cit., 108.
169) Ibidem, 108.
170) Ibidem, 110, 112.
171) Ibidem 114.
172) Ibid., 138.
173) (J. F. Clarke), The new station, Monastir. — The Missionary Herald 70 (1874), 20—21 (Н. Михов, Населението IV, 60).
174) PRO.-FO 78/4480. Turkey. Diplomatic 1893.
175) D. M. Brancoff, Op. cit., 166.
176) Ibidem, 198.
177) Ibid., 204.
178) PRO.-FO 195/1416. Turkey. Salonica 1882.
179) PRO.-FO 78/4639. Turkey. Salonica 1895.
180) PRO.-FO 78/4639. Turkey. Salonica 1895; FO 78/4640. Turkey. Salonica 1895.
181) PRO.-FO 195/2078. Turkey. Salonica 1900.
182) D. N. Brancoff, Op. cit., 218.

Од бројот на протестантите во одделните македонски центри можно е да се рекапитулира нивниот вкупен број за цела Македонија. Во почетокот на XX век тој вкупен број изнесувал: 2.388.[183]) Оваа бројка споредена со другите пропаганди, не е на нивното ниво, но е чувствителна ако сеземе предвид значењето во ширењето дејствувањето на мисионерството во Македонија.

Со религиозната пропаганда американските мисионери го поврзувале и ширењето на просветата. Со отворањето на општините, заедниците и другите институции одело и настојувањето за отворање на училишта. Во 1890 година било отворено во Битола мисионерско училиште за девојки. Тоа фигурира и како гимназија. Освен тоа, протестански училишта започнале да се отвораат во Банско, Радовиш, и во други места.[184]) Во истовреме училишта биле отворени во Струмица и Струмичко. Од битолското училиште биле регрутовани учители, кои во овој крај започнале со отворање на училишта и тоа во Струмица, со 27 ученици, во Моноспитово со 24 и во Муртино со 22.[185])

Во училиштата била воведена мисионерската педагошка система. Тие се наоѓале под надзор на мисионерите, на нивната религиозна, политичка и просветно-културна пропаганда. Освен тоа, внимание било обрнато и на агротехничкото образование. Уште во 1888 година се мислело да се отвори огледна фарма и училиште за земјоделие во Солун.[186]) Но, до реализирањето на оваа идеја дошло дури во почетокот на XX век. Имено, во 1902 година било откупено земјиште за ова училиште. Во 1903 година тоа започнало да работи. Училиштето го раководеле мисионерите. Целта била да се даде земјоделско образование, а постоеле и други бранши. Обуката била теоретска и практична. Во училиштето се примале Македончиња и тоа од сите делови на Македонија (Солунско, Битолско, Тетовско, Разлошко, Неврокопско). Меѓу учителите имало и Македонци, а потем: Американци и Германци.[187])

Разностраноста во дејствувањето на американските мисионери во Македонија говори за нивната севкупност во дејствувањето во интерес на презентираната пропаганда. Појавата на оваа пропаганда треба да се бара во оној вител, во кој била поставена Македонија во XIX век. Всушност, и оваа пропаганда, како и другите, го разбивале единството на македонскиот народ.[188]) Но, оваа пропаганда по својата особеност носела во себе и нешто посебно, за разлика од другите пропаганди. Со своето

---

183) Ibidem, 236.
184) C. Stephanove, Op. cit., 272.
185) М. Пандевски, Ѓ. Стоев — Трнката, Op. cit., 187.
186) PRO.-FO 78/4119. Turkey, Salonica 1888.
187) И. Гологанов, Американско земледелческо училище в Солун. — Културно единство I/VII—VII (1908), 37—38.
188) Историјата на македонскиот народ, 131.

дејствување, со заземање местото на другите, со прикрепување кон месното автохтоно население, со развиената просветно-културна дејност, придонесувала за оттргнување на македонскиот народ од другите пропаганди, а нарочно од влијанието на Егзархијата. Од значење е да се подвлече и фактот дека мисионерите постојано ги известувале своите претпоставени, а и владините кругови во САД за конкретната состојба во Македонија. На тој начин тие придонесувале за запознавање на американската дипломатија и јавност со вистинската состојба на работите во Македонија. Со тоа и се создавал интересот на американската дипломатија и јавност кон Македонија и кон македонското прашање, од што резултирал соодветен политички однос и влијание.

4.

По Граѓанската војна се зголемува бројот на преселувањето од Македонија во САД. Ова преселување било поврзано со општиот бран на селење, што бил карактеристичен за многу европски земји во текот на XIX век. Оттука, таа разнородност не овозможувала да се изнајде точната бројка на преселниците од Македонија. Според Иван Младинео американската влада започнала да води статистика на преселниците дури од 1898 година, додека почнале да ги пресметуваат по националност дури од 1908 година. До оваа година пресметувањето се правело по државата од каде доаѓале преселниците и тука се земале бројките по релативна основа на преселувањето.[189]) Преку овој начин на регистрирање на преселниците може да се извлече соодветната динамика во движењето на преселниците од Македонија, кои ги наоѓаме вклопени во општата бројка на преселувањето од Европска Турција. Секако, дека тука влијае и периодот во бранот на движењето до 1878 и по Берлинскиот конгрес, кога се смалува територијалната опфатеност на Европска Турција. Така, во периодот од 1861 до 1870 година регистрирани се: 137 преселници.[190]) Во периодот од 1871 до 1878 година движењето е следно:

1.1871 — 21.
2.1872 — 34.
3.1873 — 78.
4.1874 — 21.
5.1875 — 36.
6.1876 — 46.
7.1877 — 25.
8.1878 — 23.[191])

189) Ivan Mladineo, Jugosloveni u Sjedinjenim državama Američkim. New York 1935, 3—5.
190) Statistical Abstract 1878, 132.
191) Ibidem 133. Во „Статистичкиот преглед" за 1890 година движе-

Согласно утврдениот принцип во регистрирањето на преселниците во САД во овие бројки би требало да бараме и македонски преселници. Сличен принцип е применет и во периодот 1879—1902 година, макар што покрај регистрирањето од „Европска Турција", во извесни години може да се сретне и бележење под: „Словени", „Јужни Словени", „Балкански држави". Во статистичкиот преглед под „Европска Турција" срекаваме ваква распределба:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.1879 | — 29. | 13.1891 | — 265. |
| 2.1880 | — 24. | 14.1892 | — 227. |
| 3.1881 | — 72. | 15.1893 | — 555. |
| 4.1882 | — 69. | 16.1894 | — 278. |
| 5.1883 | — 86. | 17.1895 | — 215. |
| 6.1884 | — 150. | 18.1896 | — 169. |
| 7.1885 | — 138. | 19.1897 | — 152. |
| 8.1886 | — 176. | 20.1898 | — 176. |
| 9.1887 | — 206. | 21.1899 | — 132. |
| 10.1888 | — 207. | 32.1900 | — 393. |
| 11.1889 | — 252. | 23.1901 | — 1.044. |
| 12.1890 | — 206. | 24.1902 | — 1.038.[192]) |

Како што се гледа од прегледот за движењето на преселниците, нивниот број осетно се покачува во првите години на XX век. Според еден податок во тие години од Европа се населиле во САД: 619.068.[193]) Во натамошните години тој број двојно се зголемил. Тоа особено станало карактеристично за македонските преселници од време и по Илинденското востание.

Точниот број на преселниците од Македонија во овој период можно е да се уточни со попродлабочени истражувања и со анкетирање на преселниците и на нивните семејства, како и на нивните лични архиви. Но, покрај тоа, може да се утврди движењето на преселниците од Македонија. Кон ова изложувањата на Ѓорче Петров и на Рене Пинон, и нивните мислења за причините и времето на иселувањето од Македонија се мошне значајни. Ѓорче Петров, смета дека: „Маса работнички свет од јужна и западна Македонија се завлече по Америка да бара

њето за 1876—1878 година е претставено поинаку. Тие во овој преглед се следни: 1.1876 — 38; 2.1877 — 32; 3.1878 — 29. (Statistical Abstract 1890, 208).

192) Statistical Abstract 1890, 208; Statistical Abstract 1904, 425. Во „Годишниот извештај на Генералниот полномошник за имиграција од 1900—1923" за годините: 1900—1902 е претставено поинаку. Тие во овој преглед се следни: 1.1900 — 285; 2.1901 — 387; 3.1902 — 187. (Annual Reports of the Commissioner-General of Immigration, 1900—1923; J. L. Gordon, American Relations with Turkey, 305).

193) Izseljavanje. — Hrvatski Narod 6. IV. 1904, 2.

срека и поминок.'[194]) Причините за иселување, главно, лежеле во тогашните економски и политички односи, во кои била поставена Македонија. Оваа состојба, постојната тиранија применувана од османската господаречка система, создавањето на лична несигурност и необезбедена егзистенција, не овозможувала да се устрои посносен живот. Оттука и се барале патиштата низ знајните и незнајните одисеи. Таа животна неопходност на Македонците во XIX век Рене Пинон вака ја објаснува: „... Les Macédoniens n'y vont pas chercher une nouvelle patrie, mais, au contraire, les moyens de vivre en paix sur leur vieux sol natal ...'[195])

Ова иселување од Македонија се движело по фази. Тоа имало различни степени. Нивните патишта биле свртени и кон Америка. Во прво време целта била да се стекне материјално обезбедување. Нив можеме да ги следиме во масата преселници, кои од Европска Турција се движеле кон Америка. До крајот на XIX век преселувањето имало ограничени размери и се заминувало само од одредени подрачја на Македонија. Според Д. Ј. Поповиќ било регистрирано преселување за Америка од: Крушево, Невеска и од други делови на Македонија.[196]) Како податок кон ова преселување може да послужи и фактот, што во една публикација од 1888 година наоѓаме известување дека во околината на Њу Јорк постоел град под име — „Macedon", со 2.636 жители.[197]) Постоењето на ова место и неговото именување е мошне значајно и интересно. Тоа може да се поврзе со бранот на преселувањето од Македонија и со нивното лоцирање во одделни подрачја на САД.

Но, покрај ваквиве податоци имаме и други претставувања за почетокот на македонското преселување во САД. Така, Ѓорче Петров смета дека првиот поттик на иселување од Македонија бил даден меѓу македонската емиграција во Романија во 1898 година. По ова нов бран бил забележан во 1900 година и тоа од Ресенско, Костурско и други македонски краишта.[198]) Приближно кон ова становиште стои и мислењето на Р. Пинон, кој смета дека во 1901 година група селани од село Буф (Леринско) се префрлиле во Америка. Натаму, во следните години започнало да се зголемува движењето кон Америка.[199])

---

194) Георче Петров, Емигрантското движенье за Америка в Македония. — Културно единство I/VII—VIII (1908), 3; Ѓорче Петров, Македонското ослободително дело. (Редакција Гане Тодоровски). Скопје, Мисла 1971, 147.

195) R. Pinon, L'Europe et L'Empire Ottomane, 224.

196) Д. J. Поповић, О Цинцарима. Београд 1937, 85—86, 300.

197) K. A. Johnston, A General Dictionary of Geography. London 1888, 849; X. Андонов-Полјански, Британска библиографија за Македонија. Скопје 1966, 167.

198) Ѓ. Петров, Op. cit., 4.

199) R. Pinon, Op. cit., 224.

Основниот број на преселувањата од Македонија во периодот по Граѓанската војна во САД па сè до првите години на XX век, служел како мошне важен фундамент за предизвикување на нов бран движење кон Америка, кој добил нови димензии во време и по Илинденското востание.

Од интерес е да се спомене дека во редовите на овие македонски преселници веќе започнале да се јавуваат извесни форми на собирање. Најпрвин тоа биле самопошни друштва за меѓусебна помош. Но, со време тоа добива политички карактер. Така во 1901 година меѓу нив се шири македонското револуционерно движење и тоа фаќа длабоки корени.[199а]) Со време се развива поразвиена дејност. Израз на тоа е и издавањето на весникот: „The Macedonian Herald" (Македонски гласник), со девизата: „Macedonia for the Macedonians" (Македонија за Македонците).[199б])Весникот одигрува голема улога во запознавањето на Американците со македонската борба за слобода и со афирмирањето на вистинските цели на ослободителното дело, а и за собирање на македонските преселници ширум Америка.

## 5.

По шеесетите години на XIX век во Македонија се projавува интерес за запознавање со САД. Голема улога кон ова запознавање одиграле цариградските весници: „Македонија" и „Зорница", кои се ширеле и во Македонија. Весникот „Македонија" почнувајќи од 1866 година, донесува вести и известувања за настаните и развитокот на САД. Се печатат специјални статии за Америка, кои се препечатуваат од американските и други весници или нив ги пишувале американските мисионери.[200]) Во една статија од 1868 година се говори за Генералот Грант, тогашниот нов президент на САД.[201]) Во една друга статија, од истата година, се третира прашањето за работата на општините во американските држави.[202]) Една интересна статија се објавува во 1870 година за образованието на жените во

---

199а) Атанас Близнаков, Политичките определби на Македонците во САД и Канада. — Македонија. — Македонија април 1975, 18.

199б) Хроника. — Право II/43 (13. III. 1903), 3. Весникот излегувал од март 1903 година. Во весникот е поместена уводна статија под наслов: „Macedonia for the Macedonians" и неа ја напишал С. Шумков, издавач на весникот.

200) Българска възрожденска книжнина. Т. И. София 1957, 429 passim.

201) Новият председател на Съединените държави в Америка. (Генерал Грант). — Македония II/51 (1968). — Българска възрожденска книжнина. Т. II. офия 1959, 192)

202) Общините в Съединените американски държави. — Македония II/51 (1968). (Ibidem).

Америка.[203]) Народната просвета во оваа земја се третира и во друга статија од 1871 година.[204])

Весникот „Зорница", информативно гласило на американските мисионери, од 1876 година натаму, покрај религиозните статии, донесува известувања и соопштенија за настаните во Америка, за положбата на американскиот континент и за други прашања. На третман весникот ги поставувал и промените во Турција и односот на Америка.[205]) На тој начин и овој весник придонесувал за запознавање со САД нарочно во средината на протестантите во Македонија.

Во текот на XIX век Македонците, особено поиздигнатата интелегенција, онаа, што престојувала во странство, успевала да се запознае со постигањата на САД, посебно со нејзиното општествено-политичко уредување. Во изградувањето на концепцијата на македонското национално-ослободително движење и на идното уредување на Македонија се користеле и американските становишта во уредувањето на Соединетите држави. Така, македонскиот општественик Ѓорги Ив. Капчев во својата книга: „Македонија или гласот на робот" (Georgij I. Kapčev, Makedonija ili glas roba. Zagreb (1898) ја претпочита федерацијата на Соединетите Американски Држави. Меѓутоа, неговата концепција има поразвиена форма и таа се претставува етапно. Според него" ... би требало да се дејствува за организирање на една југо-словенска федерација, во која да ја сочуваат федералните народи секој својата автономија, по смисла и углед на Соединетите Држави."[206]) Всушност, се работи за мошне интересно становиште во концепцијата на Г. Ив. Капчев. Влијанието на американската концепција е очигледна и таа е вклопена во една фаза од презентирањето на југословенската федерација како модус во решавањето прашањето на Македонија, на нејзиното уредување, кое како перспектива требало да уследи по нејзиното ослободување.

Во својата револуционерна поставеност македонското национално-ослободително движење и неговите протагонисти ги користеа искуствата и обрнуваа внимание на идеолошката концепција на европските и на американските револуционерни движења. Во тој контекст било обрнато внимание и на карактерот на американската Војна за независност, како и на нејзиниот првенец Џорџ Вашингтон и на видниот европски учесник во

---

[203]) Образованието на жените в Америка. — Македония IV/40 (1870). (Ibid., 241).

[204]) Народното просвещение в Америка. — Македония V/3 (1871). (Бид. 192).

[205]) Зорница (Цариград) 1876—1896, passim.

[206]) Г. Ив. Капчев, Македония или Глас на роба. Загреб 1898, 42 (G. I. Kapčev, Македонија или Глас Роба. Загреб 1898, II издание); Х. Андонов-Полјански, „Апелот" на Ѓорѓи Ив. Капчев од 1899 година. — Годишен зборник 22 (1870), 199.

оваа револуција Маркизот Лафает. Првенствен интерес кон овие забележителни појави на американската револуција имал Гоце Делчев, предводникот на македонското национално-ослободително движење. Тој, уште во периодот на своето револуционерно издигнување ја изучувал американската Војна за независност и биографиите на Вашингтон и Лафает.[207]) Во исто време придобивките на американската Војна за независност биле вметнати за разгледување и во програмирањето на македонската револуционерна организација за просветување на масите. Така, Даме Груев, истакнатиот нејзин раководител, во своите „Спомени“ приведува дека во 1894/1895 година во Штип, заедно со Гоце Делчев, организирале собири со народот и на нив биле одржувани предавања по разни револуционерни теми. Груев подвлекува дека биле одржувани предавања и за „Американското востание.“[208])

На извесен број македонски револуционери им биле познати и делата од американскат литература. Така, Гоце Делчев бил запознат со романот „Шпион‘ (The Spy, 1821) на познатиот американски писател Фенимор Џемс Купер (Fenimore James Cooper, 1789—1851). Целта му била со овој Куперов роман, со сиже од американската војна за независност, да ги разубеди оние револуционери, кои извршиле предавство кон ослободителното дело. Во едно писмо од 7 мај 1899 година тој му пишува на Никола Зографов, дека ја приложува книгата „Шпион“ за да му ја предаде на Ѓорѓи Иванов од Виница, кој го изневерил делото на Организацијата.[209]) За истово Гоце му пишува и на Христо Настев во едно писмо повторно од мај 1899 година. Тука во ова писмо тој приведува и некои податоци за книгата на Ф. Купер и нагласува дека таа имаа“ . . . голема литературна и историска вредност и е преведена на сите јазици. Заслужува да ја прочитаат сите . . .[210]) За ова истово говори и самиот Христо Настев во своите „Спомени“ и притоа забележува дека Гоце врз капаците на таа книга напишал: „Му ја подарувам за спомен на Георги Јованчев.“[211])

Овие детали за односот кон придобивките на американската револуција и кон вредностите на американската литература и нивната примена во македонската револуционерна практика, чинеле еден суштествен момент во американско-македонското запознавање. Нова етапа во ова запознавање настанува со „Аферата“ Мис Стон, која отвора нова страница во овие односи.

---

[207]) Х. Андонов-Полјански, Гоце Делчев и неговото време. Скопје, Култура, 1972, 105—106.

[208]) Спомени на Дамян Груев и др. София 1927, 19.

[209]) Гоце Делчев. Преписка. (Редакција: Х. Андонов-Полјански). Скопје, Култура, 1972, 84.

[210]) Ibidem, 206.

[211]) Гоце Делчев во спомените на современиците. (Редакција: Х. Андонов-Полјански). Скопје, Култура 1972, 143.

Кон покренување на ваква хуманитарна акција се заложувале и официјалните власти. Пратеникот во Цариград Џ. Лајшмен во писмо до секретарот за надворешни работи Џ. Хеј соопштил дека американските мисионери се обрнале до него да го замоли Президентот на САД да упати апел до јавноста за собирање помош.[262]) Во исто време американските мисионери самоиницијативно испратиле апел до Американците за преземање акција за собирање помош за настраданите од востанието.[269]) Кон оваа акција се придружила и Панамериканската конференција на бискупите, која се одржала во октомври 1903 година во Вашингтон. Конференцијата се произнела за ситуацијата во Македонија и донела резолуција по македонското прашање. Во неа, меѓу другото, се вели: „. . . Ние сакаме да ја изразиме надежта дека моралното влијание на владата од оваа голема република ќе се заложи за такви реформи, кои ќе можат да му дадат на македонскиот народ (во оригиналот — the Macedonian people) заштитата на правото против неправдата и ропството . . ."[270])

Некои претставници од американската јавност вклучени во промакедонската акција се придружиле и кон меѓународните манифестации во корист на македонската кауза. Така, на меѓународниот македонски митинг, кој се одржал во Париз на 25 октомври 1903 година, присуствувале и делегати од САД. Сите еднодушно изјавиле дека било потребно да се организира сѐнародно движење и акција на Парламентите за побрза интервенција на Силите во корист на поробените.[271])

---

268) Papers 1903, 765—766.

269) Дневни. — Реформи 27.IX. 1903, 4; The Macedonian Rising. — The Times October 1, 1903, 3; Nurses Needed in European Turkey. — Hospital 889 (1903), 23.

270) Оригиналниот текст на Резолуцијата гласи:

> *Resolved, That this council desires to put on record an expression of its horror and indignation at the wholesale atrocities that have been and are still being perpetrated upon our fellow Christians in the Province of Macedonia. We offer them our profound sympathy in the fiery trials through which they are passing, and we pray God in His mercy to send them deliverance. We would further express the hope that the moral influence of the government of this great republic may be thrown into the scale in favor of such reforms as may give to the Macedonian people the protection of law against injustice and oppression. And where those who survive these terrible pesecutions are now perishing from disease, cold and hunger, we comment to all Christian people the prompt and energetic employment of whatever measures may contribute to the succor of this afflicted people, and especially such contributions as may relieve their sore necessitlies.*
>
> (C. Stephanove, Op. cit., 324).

271) Narodna Obrana 245, 27. X. 1903, 2.

Во ноември 1903 година во САД се преземаат нови иницијативи за зголемување на промакедонското движење. Тогаш во Бостон бил основан македонски комитет, со цел да работи и да агитира за македонското ослободително дело и да собира помош за настраданите во време на востанието. За претседател на Македонскиот комитет бил избран градскиот гувернер.[272])

Во зголемувањето на промакедонската акција учествувале и американските жени. Тие, на 24 ноември 1903 година испратиле апел до европските кралици за да се застапат за настраданите во македонското востание и да организираат акција за помош.[273])

Како резултат на агитацијата започнало да се покренува акцијата за помош на настраданите во време на Илинденското востание низ цела Америка. Во исто време промакедонското движење продолжило и натаму, бележејќи нови иницијативи и потфати. И натаму биле донесувани резолуции за заштита на Македонија.[274])

Хуманитарната акција на американската јавност била пречекана со внимание од меѓународната јавност. Опсегот на одгласот на ова американско промакедонско движење се гледа и од тоа што Главниот штаб на Вториот Македоно-одрински революционерен округ во циркуларот до реонските, центрови и селски револуционерни началници од 25 декември 1903 година, истакнал дека востанието „. . . предизвика сочувство за нашиот народ во сите човекољубиви срца на Европа и на далечна Америка . . .“[275]) Тој предизвик, што го направи востанието во светот, Стојан Христов, американски писател од македонско потекло, во една своја книга пишувајќи за одгласот на Илинден во целиот свет, напишал за восторгот предизвикан од востанието дека „. . . Тој вик целиот свет го чу. Светот одговори со испраќање храна и медикаменти, но никој не им го даде на Македонците единственото нешто, кое тие го сакаа: слободата.“[276])

## 4.

Промакедонското движење во САД придонело за популаризација на македонското ослободително дело. Во исто време тоа развило потпорна акција во сите американски средини. Собирите биле искористени за собирање на парични и други при-

---

[272]) П. Г. Месечна хроника. — Македония IX/Ноември 1903, 3.

[273]) С. Димевски, Одек на Илинденското востание во светот. — Нова Македонија 2 август 1958, 2.

[274]) Американската преса и Илинден, 201.

[275]) Извештаи од 1903—1904 година на австриските претставници, (Редак. Д. Зографски), 143.

[276]) Stoyan Hristoff, Heroes and Assasins. New York 1935 (В. Йонова, Макпр. X/1—2/136, 211—212).

лози. Голема улога во потпорната и собирачката акција одиграле весниците. Тие на своите страници отвориле специјални рубрики за потписка на прилозите. Најзабележителна потписка развил весникот: „Christian Herald". Преку потписката на овој весник биле собрани: 30.000 долари. Оваа сума била испратена во Македонија.[277]) Прилози за помош на настраданите се собирале и преку други весници и на други начини. Сите тие биле испраќани во Македонија. Во оваа собирачка акција голема улога одиграл американскиот Црвен крст. Кон оваа хуманитарна организација се обрнале американските мисионери во Македонија, инсистирајќи да се зафати со собирање помош, а посебно за испраќање на лекари и лекарства. Со сета оваа помошна дејност се зафатила претседателката на американскиот Црвен крст: Мис Клара Бартон, која во декември 1903 година пристигнала во Македонија и раководела со распределбата на помошта, собрана во САД, во Битолско и Костурско.[278]) Во конзулските извештаи и во современиот печат среќаваме повеќе податоци за текот на работата на американските потпорни здруженија и личности зафатени со оваа помошна мисија. Често среќаваме податоци за движење на одделни лица, меѓу кои и Американци, во пострадаините реони на востанието, каде делеле помош.[279])

Виден ангажман во распределбата на помошта на теренот во Македонија, покрај Црвениот крст, презеле и американските мисионери во Македонија. Така, во ресенска околија околу распределбата на помошта се грижел мисионерот од Солун Е. Б. Хаскел. Тој делел храна и облека по селата настрадани во востанието.[280]) Покрај него во Ресен и Ресенско распределувале помош и други американски мисионери. Во извештајот на Л. Бонд од американската мисија во Битола од 17 октомври, се приведуваат податоците за текот на помошната мисија на овој терен. За подобра организираност во делењето на помошта во Ресен било отворено депо, од каде се препраќала помошта по селата. Освен по селата во Ресен се делела помош во бегалскиот пункт на бегалци од селата: Болно, Ѓавато, Кривени, Крушје, Лавци, Дупени, Ехла (Евла), Петрино, Подмочани, Покрвеник, Претор, Волкодери и Љорека. Имало околу 1.382 бегалци. На нив им се делело: волнени покривки, кревети, креветски чаршави и друго.[281])

[277]) G. N. Chakaloff and S. J. Shoomkoff, Op. cit., 109.

[278]) Хр. Силянов, Освободителните борби на Македония. Т. II. София 1943, 6.

[279]) Edinost 258, 13. XI. 1903, 2.

[280]) Further Correspondence Respecting the Affairs of South-Eastern Europe Turkey № 4 (1904), 2.

[281]) Ibidem, 109—111; PRO-FO 195/2057. Turkey, 1903.

Потпорна акција била организирана и во Битола, како центар на вилаетот. Тука постоел централен собирен центар за распределба на помошта. Со распределбата на помошта работел Л. Бонд, како и во Ресен. За да ѝ даде гласност на оваа мисија тој издавал „Белешки“ (News Notes), во кој го регистрирал текот на помошната акција.[282]) За полесна организација Битола и Битолско биле разделени на девет подрачја. Во Битола имало депо, раководено од Л. Бонд. Била отворена и болница, со која раководеле американските мисионери. На постраданите се делело брашно (во две тури), облека, ќебиња и санитетски материјал. Помошната мисија продолжила и во 1904 година.[283]) Според еден британски извештај од 7 март 1904 година, вкупниот износ на распределени средства само за во Битолскиот вилает изнесувал: 22.203 фунти стерлинзи, од кои: 2.422 фунти пристигнале од САД.[284])

Распределбата на помошта на теренот во Македонија претставувала нов момент во дејствувањето на американското промакедонско движење. Тоа значело чекор напред во реализирање интенциите на ова движење за презентирање на вистинската состојба во Македонија и за афирмација на нејзиното ослободително движење.

5.

Карактеристичен феномен во американско-македонските односи во време и по Илинденското востание претставува и големиот бран на преселување на Македонци во САД. Ова преселување било предизвикано од тешките последици на Илинденското востание кога останатите без покрив над главата биле принудени да ја напуштат земјата и да бараат егзистенција и на американскиот континент. Ова преселување во повеќе случаи било организирано. Во низа македонски центри постоеле специјални агенции за преселување или агенти на бродарските компании, кои ги врбувале преселниците за патување во Америка. Агенциите и компаниите обично го правеле сиот аранжман за префрлување во Америка. Според Рене Пинон постоеле триесет агенции, кои се грижеле за преселување. Меѓу нив постоела огромна конкуренција, а се правеле и шпекулации. Патниот билет од Солун за Њу Јорк изнесувал 195 франкови, а од Скопје до Њу Јорк од 240—270.[285]) Преселувањето се движело во неколку правци. Најразвиена била линијата: Битола — Скопје, односно: Солун—Скопје и натаму: Белград—Загреб—Љубљана — Виена—Хавр,[286]) или пак се користеле другите поморски линии.

---

282) PRO.-FO 293/28. Turkey. Salonica, 1903.
283) Further. — Turkey № 4 (1904), 1—2, 110.
284) Ibidem, 110—111.
285) R. Pinon, L'Europe et L'Empire Ottomane, 29.
286) Ibidem, 229.

Во преселувањето од Македонија во време по Илинденското востание разликуваме неколку фази. Главната фаза го опфаќа времето: 1903—1906, односно 1908 година. Според Ѓорче Петров во 1903 година Македонија ја напуштила: 7—8.000, а во 1904 година 9—10.000 лица, од кои најголем дел се префрлиле во Америка.[287]) Во американската официјална статистика од Европска Турција во 1903 година преминале: 3.290, а во 1904 година 5.669 лица.[288]) Бидејќи преминот на преселниците се правел и преку Љубљана, словенечкиот печат го бележел движењето и на Македонците. Според нивното регистрирање од Македонија преминале преку Љубљана, а на пат за Америка во годините: 1903—1906 — 5.313 лица.[289]) Во еден австриски извештај од 1904 година се говори дека бројот на иселувањето од Македонија за Америка бил покачен на 5.000 луѓе.[290]) И во еден британски извештај од истата година се констатира заминувањето во Америка на преселници од Македонија. Така, само во почетокот на април 1904 година заминале од Битола и Битолско 151 лице.[291]) Ова движење на преселување од Македонија за Америка постојано растело сè до Балканските војни.[292])

Во САД, во тогашната „ветена земја", македонските преселници нашле свое засолниште. Некои од нив се враќале во родната земја, а мнозинството постојано се населувале во оваа опширна земја. Тие работеле во индустриските и во рударските центри, како општи работници и во трговијата. Според Пинон биле концетрисани во Гранити—Сити, Сент—Луис, Илиноис, Тексас, Сан Франциско.[293]) Потоа се сместувале во: Менсфилд, Делаваре, Питцбург, Филаделфија, Индианополис, Калифорнија,[294]) Чикаго, Медисон, Милвоки, и во други американски центри. Нивната присутност била толку карактеристична што еден плоштад во Гранити-Сити го нарекле — „Мала Македонија." (Little Macedonia).[295])

---

287) Г. Петров, Емигрантското движение, 4.

288) Statistical Abstract 1904, 425.

289) Slovenski Narod, 1903—1906 Slovenec, 1903—1906 (V Ameriko, Izseljavanje).

290) Извештаи на австриските претставници, 172.

291) Further. — Turkey № 4 (1904), 148.

292) Види: Statistical Abstract 1914, 94; Refugees in America. — The Times 1. VIII. 1908, 7; Л. Киселинчев, Македонците в Америка. — Македония 74 (1922), 1 С. Табаков, Емигрантският въпрос. — Цариград 1911; G. Balch. Slavische Einwanderung in den Vereinginten Staaten. Leipzig und Wien 1912; Die Auswanderung aus Makedonien. — Österr. Monatschriften für den Orient 6 (1907), 74—75; The Jugoslavs in the United States of America. New York City 1921; I. Mladineo, Jugoslovenu u SAD., 5—8; Љ. Ст. Косиер, Економско-социјални проблеми Југословенске емиграције. Загреб, 25;

293) R. Pinon, Op. cit., 225.

294) L'émigration Macédonienne. — La Macédoine 39 (1919), 63—64.

295) И. Н. Мустрев, Македонски българи в Америка. Летоструй за 1909, 238—240.

Во далечната прекуокеанска земја Македонците не ја изгубиле својата врска со татковината. Текот на Илинденското востание тие го следеле за најголема возбуда. Во современиот печат наоѓаме податоци дека Македонците во Чикаго формирале еден полк од доброволци за да замине во Македонија како помош на востанатите.[296]) Според изјавата на илинденецот Лазар Плавев Внатрешната организација презела мерки за поврзување со Македонците во Америка. Така, тој добил задача од Петар Поп Арсов да замине во Америка и таму да ги организира преселниците и да собира помош.[297]) Всушност, нивното организационо сплотување се проширило во време и по Илинденското востание. Се јавувале и првите организациони обединувања.[298]) Тој процес во организационото оформување по Востанието добил најизразити форми.[299]) А тоа се одвивало под повикот: „Македонци во Америка, чујте го гласот на Македонија.“[300])

Врз општествено-политичкиот живот на Македонците во Америка влијаеше и постојната политичка опстановка. Врз нив влијаело и американското работничко и социјалистичко движење. Тие учествувале во ова движење.[301])

Врз просветно-културниот живот на Македонците во Америка влијаеше и постојната културна атмосфера. Претприемчиви и трудољубиви тие се нашле во новата културна средина. Р. Пинон смета дека почнале да се американизираат, да се вдахновуваат со нови идеи,[302]) да станувааат она што најубаво го карактеризирал Волт Витмен, дека во САД нема единствена нација, туку е преполна нацијата со нации.[303]) И поконкретно, веќе тие биле, како што рекол Стојан Христов, „Македонци по раѓање, а Американци по избор.“[304]) Оваа специфичност Ст. Христов ја образложува и со објаснението: „Кога луѓето ... емигрираа во новиот свет, тие имаа родна земја, но немаа држава; тие имаа мајчин јазик, но немаа литературен јазик; тие имаа народна песна и приказна, но немаа поезија, ниту проза ...“[305])

---

296) Politični pregled. — Edinost 206 (1903), 2; Vstaja v Macedoniji. — Slovenski Narod 210 (1903), 2; Obzor 207 (1903), 2.

297) Архива на Историски музеј, Скопје (Изјава на Л. Плавев).

298) А. Близнаков, Политичките определби на Македонците, 18.

299) Види: Л. Л. Киселинчев, Културни проявления на Македонската емиграција в Америка. — Македония 77, 82, (1927), 1, 2, 1.

300) Н. Милев, За Македонците в Америка. — Македония I 102 (1927), 3 (Народен глас, 25. III. 1922).

301) Ibidem.

302) R. Pinon, Op. cit., 230.

303) Marcus Lee Hansen, The Immigrant in American History. Cambridge (Mass). 1948, 4. (Wolt Whitman (Волт Витмен во „Chants Democratic and Native American“ напишал: „Here is not merely a nation, but a teeming nation of nations“).

304) Christowe, New Macedonia. Detroit, 11.

305) Стојан Христов, Мојот американски ацилак. Скопје 1953 ,5.

Меѓутоа, побудните Македонци успеале, нарочно оние кои пред да заминат за САД ги посетувале мисионерските училишта во Македонија, да ги покажат своите интелектуални способности. Како резултат на тоа е и издавањето на весникот: „The Macedonian Herald" и издавањето на публикацијата под наслов: „Македонскиот проблем и неговото вистинско решавање." (The Macedonian Problem and its proper solution) од Георги Н. Чакалов, доктор по медицина и Станислав Ј. Шумков, доктор по филозофија, во Филаделфија 1904 година. Оваа книга, за првпат објавена во САД на оваа тема, третира мошне интересни прашања поврзани со правилното решавање на македонското прашање. За првпат на Американците им се презентира суштината на Гледстоновото гесло: „Македонија на Македонците" и врз основа на ова се развива потребата од засилување на промакедонската акција во САД во полза на македонската кауза[306])

Позитивна страна на преселувањето на еден дел од Македонците во САД се состои и во тоа, што тие таму се вклучиле и во изградбата на новата татковина, нивен ценет удел и придонес. Но, од друга страна, оние што се вратиле во старата татковина влијаеле со своите позитивни својства, нарочно во усовршувањето на агротехничката култура. Токму таа заемност претставува стојносен чинител на преселувањето од Македонија во време и по Илинденското востание.

*

* *

ВО СВОЕТО ОТВОРАЊЕ кон светот Македонија го предизвика и вниманието на Соединетите Американски Држави. Тоа внимание не се појави случајно, туку се базираше врз одредени општествено-политички и економски интереси, кои стриктно беа поврзани со излегувањето на Америка на светската историска сцена. Војната за независност значеше крупен чекор напред во создавањето на новата држава на американскиот континент, а во исто време го навести бурниот развиток на американскиот капитализам, кој особено по Граѓанската војна доби свој еклатантен израз во претворањето во империјализам, за да добие свој првенствен углед при крајот на XIX и во почетокот на XX век. Токму во тоа отворање на САД се карактеризира и нејзиниот интерес кон различните светски подрачја, а во тој склоп и кон источните работи. Во тоа запознавање и во трасирање на теренот за зголемување сферите на влијание беше вклучена и Македонија, која во она време ја заземаше средишната точка во рамките на Османската империја. Тој континуитет во односот на САД кон Македонија, а со време и кон македон-

---

306) G. N. Chakaloff and S. J. Shoomkoff, The Macedonian Problem and its proper solution. Philadelphia 1904, 5—115.

ското прашање, имаше свој очевиден развиток, кој зависеше од повеќе фактори. Условеноста негова зависеше од развитокот на сите нужни чинители, кои придонесуваа во поставеноста на врските. Тие имаа своја разновидност, постепено се продлабочуваа и содржајно збогатуваа. Оттука и е можно да се претстави периодизацијата на тие односи, која стриктно зависеше од историскиот развиток и растеж на САД, а од друга страна и од историскиот континуитет на Македонија. Меѓутоа, секој определен историски момент носеше во себе специфичности и разностраности. Затоа е и можно да се заклучи дека периодот од Војната за независност до Граѓанската војна носеше во себе белези на трасирање на теренот и обиди за испитување на она што можело да претставува прицелна точка во меѓусебниот интерес. За разлика од тоа периодот од Граѓанската војна е поинтересен, поради разновидноста на обидите за стекнување на позиции и можности за отворање на вратите за поголема присутност. Но, сепак, тоа се движеше во релациите на можната американска глобална политика, која сè уште зафатена со зацврснувањето на своите империјалистички апетити на американската хемисфера, не можеше да го рашири до максимум просторот на дејствувањето. Тоа беше карактеристично и за периодот на Илинденското востание, кога поради сосема тангирани прашања (развивање на дипломатските иницијативи, Мис Стон, политиката кон Илинденското востание, промакедонската акција во САД, македонското иселеништво) беше принудена да го активира својот интерес и иницијативи, да ги зголемува своите позиции. Всушност, тука беше и кулминацијата на заинтересираната политика, која како нишка се провлекуваше низ децениите на XIX век. Тоа беше фундамент, кој во подоцнежните децении, а нарочно за време на Париската мировна конференција 1919 година, доби свој еклатантен израз. Меѓутоа, разработката на оваа интересна проблематика изискува натамошно продлабочено и студиозно испитување за да се даде поцелосен опфат, постудиозен приод. Овој трактат претставува само прилог кон македонската историја и историјата на САД.

Hristo Andonov-Poljanski

# THE ATTITUDE OF THE UNITED STATES OF AMERICA TOWARD MACEDONIA AND MACEDONIAN QUESTION IN XIXth CENTURY AND IN THE PERIOD OF THE ILINDEN UPRISING (1903)

(Summary)

IN THIS SUPPLEMENT the author tries to clear up the attitude of the United States of America toward Macedonia and Macedonian question in XIXth century and in the period of the Ilinden Uprising of 1903. The theme has been worked out on the basis of authentic archive and other materials and on the basis of literature data. A special attention has been paid to the American diplomatic correspondence data as well as to other authentic material. The history of those problems has been divided into several parts according to the course of the American and Macedonian history, i. e. in accordance with the established periodization. The basic division of the theme, which has been divided into three chapters and many subchapters, moves on relation: from the War for Independance and establishment of the United States of America untill the Civil War; then, from the Civil War untill the Ilinden Uprising; and finally the period of Ilinden Uprising (1903—1904). The author tries to clear up and work out all characteristic questions connected to the attitude od the USA toward Macedonia and Macedonian question and to the attempts for mutual correspondence. In each particular period which contains its own specifications, all important points specific for their mutual recognition, have been emphasized. The continuity of the USA interest for widening the connections with Otoman Empire whose central part belonged to Macedonia, has been followed most carefully. It depended stricktly on the American opening toward Europa as well as on the development of the American capitalism and imperialism. In the working out of the theme, different questions about the political, economical, religious and educational-cultural connections as well as the problem of the Macedonian migration in USA have been taken into consideration. Specifications of each characteristic question have been summed and its meaning, important for the development of further relations, has been determined.

In the distribution of the material, a special attention has been paid to the American acquaintance with Macedonia in the XIXth century, with, a special accent on the characteristics that might have meant an element in their mutual connecting. The interest of the American diplomacy for the developing process of Macedonia the increasement of the Macedonian national movement

for liberation and other political and economical specifications of Macedonia has been particulary underlined. An attemp has been made for the line to be given in the economical interests of USA in Macedonia, which is improved by the trade data. The way of spreading out the activity of the American Protestant mission which has established its own centers in Macedonia is also emphasized. A special accent has been given to the movement of the Macedonian migrators in North America, with all its developing processes. The greatest attention has been paid to the attitude of the American diplomacy toward the Ilinden Uprising of 1903. It has been particulary emphasized that the Uprising should be followed more carefully. Closely related to that, the development of the promacedonian movement in the USA in favour of the Macedonian Ilinden Uprising has been particulary underlined. It resulted into formation of the so called „Macedonian Committees" by organization of meetings and other gatherings, where the Macedonian War for Liberation has been talked about and where an initiation for starting a big action for giving hand to the victims of the Ilinden Uprising has been set out. For this purpose, many authorities of the American political and cultural life have been engaged. They organized the action for aid and they personally usedto come to Macedonia to distribute the collected things. This promacedonian movement in the USA meant culmination in the attitude of USA toward Macedonia and Macedonian question i.e. it laid the basis for further relations in the coming decades of the XXth century.

This tractate is only a supplement to the Macedonian history and to the history of USA as well.